# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од осмото продолжение на Педесет и петтата седица
## на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 20 мај 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продлжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Андреј Жерновски, Фазли Велију, Али Ахмети, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Слободан Чашуле, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Коце Трајановски, Трифун Костовски, Каролина Ристова, Томе Тромбев, Наташа Биковска, Ванчо Георгиев и Илија Китановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Почитувани колеги пратеници, дозволете ми од ваше и од мое име на пратеникот Славе Арсовски да му го честитаме роденденот, а на пратеникот Андреј Жерновски да му го честитаме синот.

Минуваме на 38-та точка - **Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во Република Македонија.**

Предлогот на одлуката и дописот на Владата Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКАА:

Почитувана потпретседателске, дами и господа пратеници,

Пред вас се наоѓа Предлог одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во РМ која беше поднесена од страна на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ во месец февруари или поточно на 16 февруари 2004

година. Денес сме 20 мај. Значи има поминато три месеци од поднесувањето на оваа Предлог одлука во Собранието на РМ. Која е причината јас навистина незнам, меѓутоа можам да претпоставам дека е да се разводни целата ситуација. Но тоа не ме спречува мене, почитувани колеги, да ви ги образложам причините поради кои Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја поднесе Предлог одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во РМ.

Со оглед на фактот што имаше презентирано непосредни и посредни докази, фотографии, како и не реализирањето на Буџетот на РМ, на конференцијата за печат на ВМРО-ДПМНЕ, недвосмислено се гледа дека во РМ повторно се актуелизира прашањето на шверцот со нафтата, што побуди нтерес и загриженост во јавноста. Поради тоа сметаме дека е неопходно да се поднесе оваа предлог одлука и да се усвои , заради расчистување на работите до крај.

Во останатиот дел ќе ви објаснам дека ВМРО-ДПМНЕ објави, како што знаете, фотографии , како доказ дека се врши шверц во РМ и тука непосредно е инволвирана фирмата “Никопетрол” или “Брилијант”, од Штип.

Да ве потсетам на хронологијата на настаните.

Тогаш прв пат се огласи директорот на Царинската управа, г-динот Љубомир Михајловски кој даде објаснвуање дека всушност не се работело за шверц со нафта, туку за редовен увоз на сурово масло за јадење и истовремено и понуди на јавноста фотографии од кои се гледа дека транспортот се вршел со цистерни на кои се наоѓа ознака 301202, која ознака е за превоз на дизел гориво, според АДВ, во превод, договор за превоз на опасни материи.

Откако работите се заплеткаа, околу 20 дена од добиените информации и податоци во МВР, се одржа ПРЕС-конференција на која потпаролот на МВР, госпоѓа Мијрана Контевска во свој пропаганден стил даде извесен број на документи со кои се трудеше да ги разобличи таканаречените клеветници од ВМРО-ДПМНЕ. Но, за жал, госпоѓа Контевска по грешка или намерно даде документ, потврда за извршена услуга издадена од “Фершпед”, од 7.04.1997 година со која се потврдува дека спорната цистерна за превоз на нафта била измиена, по што , наводно , од тогаш па наваму се пренесувало исклучиво масло за јадење. Според МВР оотогаш, значи оваа спорна цистерна била само за превоз на масло за јадење и според МВР приказната тука завршува. Добро ама според ВМРО-ДПМНЕприказната тука допрва започнува, а ќе ви кажам изошто.

Продолжението на оваа приказна, како што ја нарекуваше госпоѓа Контевска оди во две насоки кои ги предизвика оваа афера. Првата насока е во однос на

искуствата на стручните лица, во однос на можноста за пренамена на цистерната која превезувала прво нафта , а птоа масло за јадење. Втората насока е во однос на последиците по здравјето на луѓето во овој случај. Кога се пренесува извесен период, значи години, со истата цистерна нафта, после квалитетно се измие, според Контевска и продолжува да се превезува масло за јадење кое во Штип и секаде во РМ се конзумира како масло за јадење Брилијант.

Сега на кратко ќе се обидам да ви укажам, во оној дел на искуствата на стручните лица. Ќе се обидам значи да ви ги сумирам резултатите и стручните анализи за можноста за пренамена на цистерна што превезувала нафта, а потоа , се разбира, масло за јадење.

Според мислењата на луѓето кои се стручни, меѓу нив и професорот на Машински факултет во Скопје г-дин Методија Мирчевски, се укажува дека цистерни во кои се превезува нафта, кои се измиени со пареа, како што беше наведено во документот што госпоѓа Контевска го даде на ПРЕС-конференција, но само со отсранување на нечистотијата наталожена на садовите во цистерната, во некој случај не можат да се користат за транспорт на флуиди кои претставуваат прехранбен артикл, рафинирано или не рафинирано масло за јадење и слично. Овие цистерни за превоз на прехранбени флуиди се произведуваат од специјален челик добиен со специјална технолошка постапка односно по специјална технологија. Всушност, резимето на сите стручни анализи покажуваат само едно, а тоа е дека не постои начин, никаде во светот , не во Република Македонија, не во Европа, во целито свет не постои начин да се исчисти цистерна што превезувала нафта, а принамената пак на такви цистерни е незамислива работа, Во такво случај ние ќе имаме ваква ситуација:

Ако постои метода во светот каде што стручните лица велат дека не постои, еден ден ќе се превезува нафта, наредниот ден млеко, третиот ден вино, четвртиот ден масло за јадење, па пак нафта и т.н. Значи ако според МВР , затоа што во овој случај МВР се јави како потпарол на фирмата “Брилијант” или “Никопетрол”, што е незамисливо една државна институција да биде потпарол на приватна фирма во Република Македонија. Тогаш со една цистерна, како што реков ќе имаме повеќенаменско превезување на прехранбени, внимавајте, зборувам за прехранбени флуиди. Во таков случај ќе биде залудна изработката по специјална технологија, за специјален превоз на млеко, залудно ќе биде луѓето да трошат пари во фирмите да измислуваат специјален челик за производство на специјални цистерни кои имаат исклучив анамена за превоз на прехранбени флуиди. Тогаш тоа е апсолутно

непотребно, ако воопшто постои во светот такво начин за миење на цистерни. Тоа е во однос на стручните анализи.

Сега во оној дел за последиците по здравјето на луѓето. Можеби сте подзаборавиле затоа што реков дека е во февруари поднесена оваа Предлог одлука, меѓутоа јас сум туак да ве потсетам дека дваесетмина експерти, хемичари и лекари , кои беа консултирани за можноста, цистерната во која се превезувала нафта, па измиена со пареа, понатаму да се користи за превоз на масло за јадење, посочуваат дека ниту во Република Македонија ниту некаде на друго место не постои ниту едно стручно лице кое би кажало дека по миењето на цистерната со пареа, или во било каков друг сад каде што претходно посоти нафта е безбеден за превоз и складирање на масло за јадење, или за било кој друг прехранбен флуид, во конкретниот случај. Дали тоа навистина довело или ќе доведе до определени канцерогени заболувања на нашата популација, тоа времето ќе го покаже. Меѓутоа сите колеги пратеници , а што се по професија лекари , може да потврдат дека бројот на канцерогените заболувања во Република Македонија секој ден е се поголем. Значи факт е дека бројот на канцерогените заболувања рапидно, за жал, расте. Што е причината. Можеби една од причините е и оваа. Затоа бараме да се основа оваа анкетна комисија.

Според сознанијата на експертите маслото за јадење има неверојатна моќ за апсорбирање на елементите кои се околу него, што значи дека маслото според својата хемиска структура се однесвуа како сунгер, или го впива се она што претходно било превезувано, во конкретниот случај, со цистерната.

Во однос на исправноста на маслото за јадење Републичкиот завод за здравствена заштита има вршено анализи според стандардни анализи и тоа е неспорен факт затоа што иамше и изјава, колку што се сеќавам на директорот на РЗЗ. Значи прави анализи согласно стандардните процедури и согласно тие анализи, квалитетот одговара. Но во самиот РЗЗ е потврдено дека со таквите стандардни анализи кои се прават во самиот Завод, не се бара ништо надвор од таа стандардна процедура односно воопшто не е вршена контрола на присуство на канцерогени материи. Инаку не ми е фах да го зборувам тоа , но со оглед на точката на дневен ред и важноста, само ќе го прочитам тоа што го кажуваат лицата кои се стручни за тоа дека нафтата и нафтените деривати спаѓаат во групата на јаглероводи за кои општо е познато дека се токсични. Внесувањето преку уста или со дишење, во вид на пареа, предизвикува оштетување на целебралниот нервен

систем, на црниот дроб, бубрезите, коскената срцевина, со несогледливи последици по здравјето на луѓето.

Исто така во Република Македонија, значи во нашава држава постојат и правилници за транспорт на прехранбени производи во кои спаѓа и маслото за јадење. Во нив е дефинирано како се превезуваат животните намирници и не е оставена никаква можност да може отровна супстанца односно сад во кој се превезува отровната супстанца, да биде пренаменет за транспорт  на животни намирници. Но, што ако сепак, почитувани колеги, доколку навистина сакате вистината на излезе на видело и гласате за оваа Предлго одлука за оснвоање на Анкетна комисија, што ако се докаже, во името на профитот, во исти сад се превезувани, прво нафтени деривати, а подоцна и масло за јадење.

За да и помогнеме на Анкетната комисија во која верувам дека и вие ќе имате соодветен удел со вашиот глас за основање на оваа Анкетна комисија, ќе укажам на неколку прашања на кои Анкетната комисија треба да даде одговор за да ги исполни целите кои ги бараме за таа да се основа. Но покрај нив таа треба да користи и други податоци.

Прашањата се, дали воопшто е дозволено средствата во кои се транспортирала или чувала нафтата, да се користат за транспорт или чување на прехранбени продукти, или прехранбени флуиди, како што е маслото за јадење. Дали цистерна која превезувала нафта може да се измие со пареа и на тој начин да бидат отстранети штетните по здравјето нафтени состојки кои имаат канцерогено својство. Дали кога маслото ќе дојде во допир со нафтата, станув аопасно по здравјето на луѓето. Дали штетните состојки се губат во процесот на рафинирање на маслото за јадење и што е најважно, покрај овие прашања и сите други прашања, да утврдиме дали и каде постои шверц во Република Македонија.

Мојот апел до вас, почитувани колеги е , до колку навистина сакате вистината да излезе на виделина, јас ви предлагам да гласате за основање на оваа Анкетна комисија за откривање на шверцот со нафта.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Мите Николов.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседателке, колешки и колеги пратеници,

Потекнувам од градот од каде фирмата односно фабриката за производство на масло за јадење “Брилијант” од Штип која постои од 1997 година.

Сакам да кажам дека се работи за една од најдобрите куќи во Штип каде се работи домаќински и сите вработени се презадоволни и среќни што работат во таква куќа.

Притисокот што во оваа куќа го има како од невработените високо стручни кадри така и од вработени во останати куќи во градот е огромен и секојдневно се зголемува.

Штип е град, а граѓаните ја познаваат оваа фирма и најголем дел од вработените. Имено, сакам да кажам дека огромните признанија кои оваа фабрика ги добила се гарант за тој квалитет и високо стручниот тим предводен од професори по фармацеутска технологија на факултетите ширум нашата земја и во поранешна Југославија.

Инаку, сакам да кажам дека фабриката "Брилијант" од Штип има добиено златен пехар за квалитет за рафинирано сончогледово масло на форумот за агро бизнис во Брисел во месец април оваа година на кој конкурираа повеќе производствени фирми од 35 земји во Европа и светот. Сето ова е гаранција за тоа дека навистина се работи за еден квалитетен производ кој се произведува во оваа фабрика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика на г. Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Барањето за формирањето на оваа анкетна комисија води токму во таа насока да се расчистат сите овие работи и едноставно да се потврди сето ова што сакате на овој начин да ни кажете дека е во ред.

Во мементот во Битола постои млекарница која ги добила сите награди на сите меѓународни саеми и велесаеми, сега се води една хајка и еве се стигна до таа ситуација дека нивните производи не биле во ред. Значи, гаранцијата и наградите кои некој ги добил години station наназад не значи дека сегашното работење она што треба да биде и како понатаму ќе се продолжи.

Затоа господа, точно е барањето анкетната комисија да биде формирана, да се испита правата вистина. Немојте да се криеме сега и сегашната Влада еве за "Нико Петрол" станува трет увозник можеби случајно можеби не со условите што ги задоволува. Дајте да се расчисти работата во интерес и на "Нико Петрол" и во интерес на македонската јавност.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме на дискусии.

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитувана потпретседателке, да ја искористам стандардната воведна реторика што ја кажуваме дека не мислев да се јавам, ама навистина не мислев да се јавам, но со оглед на невидената пропаганда и заплашување на јавноста што ја направи колешката Којзеклиска морам да реагирам и како пратеник, како член на ова Собрание кое најмалку тоа треба да го правиме тука од собраниската говорница. Со една невидена реторика се обиде бледо да копира нешто што се противеше и противела дека тоа некој го правел за оваа афера во некои други институции.

Во интерес на вистината сакам да кажам или сакајќи да стигне до вистината се наоѓаме во една конфузија каде прво се тргна со некој шверц на нафта, Анкетна комисија, па потоа се префрли на користење на цистерни што пренесувале нафта, па за масло за јадење, па на крај за здравствените последици од сето тоа и практично во една конфузија, обид да се занемарат некои внатрепартиски проблеми што постојат и да се префрли топката на некои теми кои апсолутно не им е местото овде во собраниската сала и говорница.

Сето она што некој порано од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се бунтуваше дека не треба да се прави во Собранието и дека тоа не треба да заличи на судска институција и сала, тоа истото го направи госпоѓа Којзеклиска со тврдење дека недвосмислено се виде на прес конференцијата на ВМРО дека од сликите што беа покажани се гледа за што се работи, дека постојат стручњаци кои го тврдат едното дека Републичкиот завод за здравствена заштита кажал дека е океј со продуктите на компанијата "Брилијант", ама таму имало некој што нешто друго велел по што тој бил стручњак предложен само незнам од кој од едното крило или од другото крило на ВМРО-ДПМНЕ.

Сега се наоѓаме во ситуација кога немајќи аргументи, бидејќи компанијата, колку што јас сум информиран, покрена судски спор против партијата и против портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ и таму е местото каде треба сите овие докази да ги донесат и изложат. Жал ми е што госпоѓа Којзеклиска, со оглед на неспоивоста на функцијата не може да биде адвокат на партијата и на портпаролот на таа расправа кога ќе се зборува за клеветите и навредите што ги направија и штетите што ги нанесоа на компанијата со таквите паушални оценки, туку ги повикувам да си се појават таму каде што треба, да си ги донесат доказите на место каде што треба, бидејќи таму е местото каде што треба да се решаваат ваквите работи, а не да шириме лажна пропаганда овде, да не ги заплашуваме граѓаните на Република

Македонија, да не повикуваме причини за одредени болести тука од собраниската говорница, бидејќи најмалку за тоа сме тука избрани тоа да го правиме.

Покрај тоа, за наградите, она што го спомна пратеникот Мите Николов наградата е од крајот на април 2004 година, така што не станува збор за многу далечно минато, туку за сегашна иднина, но што да правиме некој има проблем со меѓународните институции без разлика дали се политички дали се технолошки, дали се стручни, дали се одбранбени. Некој има бојазност, се плаши и има предрасуди кон нив и секоја информација што ќе дојде од меѓународните институции е невалидна, само нивните партиски избрани луѓе, само незнам од кое крило, само тие ја знаат вистината во Македонија и никој друг.

Затоа мислам дека не треба Собранието да го претвориме ниту во комитет за здравствена дебата, ниту во судска сала, туку да се зафатиме со она што ни треба, што ни се приоритети, а тоа е носењето на закони во приближувањето на процесот кон Европа.

Тоа што некој мисли дека процесот ќе го закочи е во интерес на граѓаните на Република Македонија се лаже. Ние мораме час поскоро и да го смениме деловникот и да ги скратиме дискусиите и да ги занемариме оние работи за кои друг е надлежен во државата, да се зафатиме со она што најмногу ни треба, тоа е процесот на хармонизација со европското законодавство и сите заедно да работиме кон носење на закони, а не да правиме лажна пропаганда и да ги заплашуваме граѓаните на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е пријавена госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас само ќе го потсетам колегата Јани Макрадули дека она што го кажав го кажа неговиот директор на Царинската управа, тој се правдаше дека нема шверц со нафта, има превоз на сурово масло, ако заборавил да го потсетам, а во однос на признанијата почитуван колега, колегата Спиро Мавровски ви кажа и Битолска млекарница има признанија, па сега правите хајка по неа.

Јас, дали сум од ова или од она крило тоа вас најмалку треба да ве интересира и самата реакција на господинот Јани Макрадули укажува дека тука има нешто.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Добро машинеријата продолжува мислејќи дека сеуште сме (реакција од пратеничката Којзеклиска) и јас имам право да зборувам ..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Макрадули имаше дискусија госпоѓо Којзеклиска.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Тоа е разликата гопоѓо Којзеклиска што вие мислите дека имате право да зборувате, а немаат право други да зборуваат. Тоа не го правите спрема другите политички партии, туку кон сопствената. Тоа е проблемот и тоа е лошо за демократијата на Македонија.

Во интерес на јавноста да користиме термини што се достојни за ова Собрание. Ниту е мој директорот, камо среќа сите директори во Царина такви да бидат како што е сегашниот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господин Спиро Мавровски, реплика.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво да го замолам господинот Јани Макрадули да не ја игра улогата на адвокат посебно да не брани или напаѓа од Партијата ВМРО-ДПМНЕ. Ќе го запрашам тој истиот беше што кажуваше и за Млекара и за Лозар и донесе закон за ТАТ кој закон незнам кое крило на СДСМ му го прифати или не му го прифати, но очигледно дека неговиот закон беше одбиен и со тоа граѓаните во Битола ги излага. Тој ќе треба да каже зошто е така и според него ќе биде најдобро еве веќе на утрешната седница ќе говориме за новиот закон за формирање на кризна група која ќе воведе забрана на зборување и пишување, а уште повеќе можеби и на размислување господине Макрадули и со тоа што опозицијата веќе нема да ви треба по се изгледа, вие многу брзо ќе ги донесете сите закони.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

За некои луѓе не треба да се донесе закон за забрана за размислување, треба да имате квалитети за тоа, а потоа некој да ви забранува.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да се држиме во редот на она што е меѓусебно почитување.

Одиме понатаму со дискусии, други реплики нема.

За дискусија е пријавен господинот Никола Камчев.

НИКОЛА КАМЧЕВ.

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Сакам на кратко прво да запрашам, овде е на дневен ред формирање на анкетна комисија за шверц со нафта.

Во претходните дискусии, обвинувања и соопштенија беше обвинета владеачката гарнитура во Република Македонија односно директно СДСМ и нејзините пратеници дека се бават со шверц со нафта. Меѓутоа, кога луѓето се осведочија дека немало шверц со нафта се излезе од контекс на тоа обвинување и почнаа обвинувањата дека се транспортира во несоодветни цистерни нерафинирано масло за јадење. Јас се прашувам и сум во дилема дали оваа Анкетна комисија и овие обвинувања за шверц со нафта или се за транпортирање што го прават пратениците на СДСМ во цистерни кои не се соодветни или не се измиени за да се транспортира во нив масло за јадење.

Најверојатно од образложението и говорот на госпоѓа Којзеклиска се стекнвуа впечаток дека 10% на почетокот се зборуваше на нејзиниот прекрасен, препотентен говор дека не се работи за шверц со нафта, туку дека се транспортира нерафинирано масло за Рафинеријата во Фабриката “Брилијант” каде процедурата за да се дојде до масло за јадење кое се дистрибуира во широката потрошувачка има една друга процедура што госпоѓата адвокат најверојатно не ја знае.

Заради тоа уште еднаш прашувам дали ја повлекувате причината за формирање на Анкетна комисија шверц со нафта во кој се инволвирани одредени стртуктури на владеачката гарнитура и пратеници од СДСМ или ја преформулирате во транспорт на нерафинирано масло за јадење во Фабриката “Брилијант” каде што се рафинира и се добива масло за јадење.

Мислам дека господата или госпоѓата од ВМРО-ДПМНЕ се доволно едуцифрани  и ќе признаат дека оваа анкетна комисија сега што ја предлагате практично го губи своето значење.

Меѓутоа, мислам дека се одеше на една многу интересна варијанта дека не се пере цистерна за да во неа се транспортира нерафинирано масло. Мислам дека прво технологијата за рафинирање, со таа технологија сите штетни материи на огромно висока температура над 200 степени целзиусови испаруваат јодните водороди и практично не оставува ништо, ова го кажувам за јавноста, најверојатно госпоѓата го знае,но не сака да се откаже од претходната замисла за формирање на таа анкетна комисија за шверц со нафта.  Кога тоа така настане во таа рафинација, маслото за јадење не содржи никакви штетни материи. Тоа е доказ дека ако

содржеше, а најверојатно дека тоа не е од тогаш транспортирано со тие цистерни до сега ќе имаше многу заболувања не само канцерогени, меѓутоа од дискусијата односно образложението дека процентот на заболени од карциномни заболувања е во пораст, тоа не е од сега, тоа е многу одамна и тоа се должи на други агенси, а не на оваа. Меѓутоа, јас сакам да и кажам на госпоѓата Којзеклиска дека се се пере, само не може да се испере тоа што уста ќе извалка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓа Којзеклиска за реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само кратко ќе му одговорам на колегата дека јас останувам на предлог-одлуката да се основа Анкетна комисија за испитување на шверц со нафта.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме понатаму со дискусии.

Има збор господинот Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателке,

Немав намера денеска да се јавам за дискусија, но по одржаниот час од колешката Којзеклиска по аналфабетска хемија бев испровоциран да се јавам.

Прво да кажам дека ќе гласам поротив одлуката за основање на анкетна комисија за испитување на шверц со нафта од причини што тоа е чист политички маркетинг на ВМРО-ДПМНЕ и се труди да го скрене вниманието на јавноста од проблемите што ги има во сопствената партија.

Ова е доказ минатата година кога на 1 април исто така опзицијата се залагаше да донесеме одлука да формираме анкетна комисија за случајот Патрит Аме и на 18 април Собранието донесе Одлука и се формира Анкетна комисија во која ВМРО-ДПМНЕ инсистираше да има претседател на Комисијата и тоа владеачката коалиција го дозволи.

Но, во членот 4 од оваа Одлука беше зацртано Комисијата во рок од месец дена да поднесе извештај на Собранието за своето видување. Јас како член на таа Анкетна комисија разговарав со министерот за внатрешни работи и побарав дали претседателот на таа Анкетна комисија раговарал и барал средба на Комисијата со претставници на МВР да ги видиме сите докази. Тоа до ден денес не е сторено.

Од тие причини мислам дека и овој предлог одлука за основање анкетна комисија е чиста фарса. За тоа ќе гласам против одлуката за формирање анкетна комисија.

Што се однесува до дискусијата на колешката Којзеклиска, мислам дека треба да знае дека органска хемија се изучува во втори клас гимназија и тоа во првото полугодие каде се изучуваат јаглеdebnoводородите. Исто кажа дека вршеа консултации со експерти по хемија, мислам дека ги погрешила експертите, ова се експерти за внатрешно партиски односи во ВМРО-ДПМНЕ и затоа не се штетни јаглеnoводородите.

На крајот да и кажам на колешката Којзеклиска дека разликата помеѓу рафинирано масло за јадење и нерафинирано масло е толку голема колку што е голема разликата во политиката што ја води СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика за госпоѓа Којзеклиска, повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да го демантирам колегата, затоа што брзо се подготвувал не бил подготвен однапред, туку го испровоцирала мојата дискусија и очигледно е неподготвен.

Овој предлог на одлука е поднесен во февруари 2004 година. Сега сме 20 мај 2004 година, значи пред три месеци, а денес имаме Предлог одлука за основање анкетна комисија за испитување на шверцот, а не на Петрит Аме.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Очигледно е кој се подготвувал за денешната седница. Самите кажавте во репликата. Но јас стојам на мислење дека сега кажувате три месеци или два месеци разлика, јас ви кажувам дека до денес помина една година од одлуката, односно обврската што ја имаше во членот 4 на Одлуката за формирање анкетна комисија за случајот Петрит Аме, вашиот претседател на Комисијата господинот Трендафилов, кој не најде прилика да ја закаже средбата на Комисијата со претстваниците на Министерството за внатрешни работи и сега пак ќе формираме иста комисија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусија.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател,

Колеги пратеници, да се држиме до дневниот ред и Уставот. Никаде не е спорно, ниту во Уставот ниту во Деловникот ние како пратеници и Собрание имаме право со одлука да формираме анкетна комисија, како што е предложено на дневниот ред, која меѓу другото ќе го испита и шверцот со нафта во Република Македонија и тука не гледам никаков спор за кој сега овде би дебатирале и кажувале каде е местото да се решава, дали во судот, обвинителството или антикорупциската комисија. Местото е и таму, меѓутоа, местото е и во Собранието на Република Македонија, затоа што тоа право ни го дава и Уставот и Деловникот. Со самиот факт што во тие одредби постои право и можност Собранието на Република Македонија да формира анкетни комисии, постојани и повремени, но и тоа не прв случај. Во Република Македонија, откако постои Собранието на Република Македонија формирани се многу такви повремени анкетни комисии кои го испитувале тоа што го испитувале и тој извештај доаѓал овде пред нас, па ние сме го разгледувале. Сега не ја гледам причината зошто толку жолчно некој инсистира да го измениме Деловникот и Уставот, да го упатиме тоа да го решава Судот или некој друг, а да не расправаме по една одлука, која на крајот на краиштата значи само формирање на анкетна комисија, а таму во анкетната комисија членовите имаат право да расправаат и во врска со тоа да достават извештај до Собранието на Република Македонија. Значи, тука нема никаков спор и дилема, тоа право го имаме. Тоа е едната работа.

Второ, зошто се поставува прашањето до Собранието на Република Македонија. Почитувани колеги пратеници, сите знаете дека оваа афера на шверц на нафта ја потресуваше Република Македонија еден подолг период. Факт е дека тој период беше некаде во јануари - февруари месец. Факт е дека кога ја поднесовме оваа одлука, односно Предлог одлука за формирање анкетна комисија истече подолго време, па дојдоа претседателските избори и тн., сега можеби за некого е депласирано да се разговара, меѓутоа, зошто пред фактите и пред одредени околности да не дискутираме, бидејќи никогаш не доцна кога за тоа постои простор и време.

Бидејќи во јавноста излегоа тие податоци и не е битно од каде произлегоа, ако сите сме се договориле овде, во намера секоја да даде придонес во спречување на корупцијата и шверцот, ако тоа право го имаат граѓаните секојдневно на одредени телефонски броеви ссекојдневно да укажуваат на аномалиите што ги

прави власта во смисла на корупција и шверц, па на тоа да се реагира, не ја гледам причината зошто и ние како пратеници да не придонесеме во тој контекст. Друго е прашањето што ќе произлезе од сето тоа, друго е прашањето дали тоа ќе биде вистина или не.

Веднаш да расчистиме, Собранието на Република Македонија нема никого да суди. Собранието на Република Македонија може само да ги согледа околностите и сето друго во врска со информациите кои произлегуваа и излегуваа.

Оттука, беше логично и парламентарното мнозинство не направи никаков проблем кога формиравме анкетна комисија за случајот со Петрит Аме. Друга е постапката зошто таа комисија не работела. Значи, не е проблемот дали да се расправа или не.

Само ќе ве потсетам, точно е дека ВМРО-ДПМНЕ - велам ВМРО-ДПМНЕ, значи политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, преку нејзиниот портпарол изнесе податоци кои на нас како партија ни беа доставени и сметавме дека јавноста треба да биде запозната дека во Република Македонија се прави шверц со нафта. Сите добро знаете како одеа хронолошки работите. Беа презентирани слики, докази и толку јасни и впечатливи визуелни податоци кои кај сите граѓани во Република Македонија предизвикаа сомнеж, затоа што сите ние на тие фотографии гледавме како една цистерна е паркирана до композиција вагони, од кои со одредена пумпа се преточува нешто. Таа слика беше многу јасна.

Исто така, да ве потсетам дека во близина на цистерната стоеше и полициско возило. Нормално дека јавноста има право да знае што кажува таа слика и што се случува во Република Македонија. Ние како политичка партија го кажавме тоа што ни беше доставено. Ако тоа требало да го криеме, тогаш не сме се декларирале дека сите ќе се бориме против шверцот и корупцијата во Република Македонија. Не треба да ги криеме работите доколку такви постојат и не треба однапред да бидеме адвокати на никого, да го заштитуваме доколку таква работа постои. Тоа го кажавме, почитувани пратеници.

Само да ве потсетам, за да не се создава забуна, еден или два дена после нашата информација излезе претставник на Министерството за внатрешни работи и директорот на Царинската управа - мислам дека претставник на Министерството за внатрешни работи тогашниот потсекретар во Министерството за внатрешни работи господинот Цане Чепраговски, кои кажуваше или сакаше да демантира дека не е вистина сето тоа и, покрај другото, покрај она што ВМРО-ДПМНЕ го презентира, тој презентира и други докази, фактографски докази, од кои

се виде дека цистерната носи ознака дека пренесува нафта и дека само со таква ознака на цистерната може да се пренесува исклучува нафта и нафтени деривати. Тоа беше доставено од Министерството за внатрешни работи.

Јас сакам да ве потсетам дка истиот тој господин, односно господинот Цане Чепраговски денес е разрешен од функцијата помошник министер и мене не ми е јасно зошто е тоа направено. Дали сета јас како граѓанин нема да се прашам зошто тој господин е разрешен, ако во некоја улога дал изјава која можеби не одговара во тој контекст. Во секој случај, има нешто за кое овде можеме да разговараме и нешто да се направи после извесен период. Не тврдам дека е тој господинот што правел шверц, меѓутоа, велам дека човекот изнесе некои показатели кои ја насочија јавноста во друг правец.

Да ви укажам и на друга работа. Еден подолг период откако се слушна таа информација, власта или Министерството за внатрешни работи или сите оние институции во власта што се надлежни да штитат од шверц и тн. упорно молчеше. Освен таа прес кнференција за која сега кажав, една - две недели немаше никаков демант ниту соопштение од страна на Министерството за внатрешни работи што се случува во Република Македонија по однос на шверцот на нафта. Тоа, исто така, придонесуваше да расте сомнежот кај граѓаните. Кога некој молчи, кај граѓаните се создава сомнеж дека можеби тоа е вистина, затоа што молчи. После тоа, се јавуваат повторно претставниците на власта за да кажат, да ја префрлат сега топката во друг правец дека не е точно дека се шверцува нафта, но дека е точно дека се носи масло за јадење во таа соодветна цистерна, па се отвори проблемот дали може масло за јадење да се пренесува во такви цистерни кои користат ознака, која ознака дава право во такви цистерни да се носи исклучиво нафта и нафтени деривати. Тоа беше забуна која не ја направи ВМРО-ДПМНЕ туку претствниците на власта за да го оправдаат или дислоцираат проблемот со шверцот на нафта на друга страна, сметајќи дека така ќе се оправда. И ВМРО-ДПМНЕ не направи штета на “Брилијант”, туку тоа го направи власта со таквата изјава.

Во јавноста се покажа - тогаш почнаа да се јавуваат, господине Макрадули, разни стручњаци и ниту јас ниту вие сте стручни во тој дел, значи не знаеме дали тоа е штетно или не, меѓутоа, почнаа да се јавуваат стручњаци и од едната и од другата страна, кои на свој начин кажуваа колку е тоа штетно или не е штетно и дали може или не може да се пренесува масло за јадење во цистерни за нафта, па некој стучњак не убедуваше дека цистерните се испрале, друг кажуваше

дека колку и да се пере цистерната канцегорените елементи остануваат, така што се направи апсолутна забуна.

Покрај такви информации, зошто Собранието на Република Македонија да не формира анкетна комисија која ќе подготви и достави извештај релевантен врз основа на сите показатели и да дојдеме до еден релевантен заклучок.

Би сакал господине Макрадули да ви одговорам дека тие стручњаци не се од крилата на ВМРО-ДПМНЕ. Факт е дека во ВМРО-ДПМНЕ постојат крила, постојат и центарфори, меѓутоа, она што постои во ВМРО-ДПМНЕ е многу јавно, тоа се гледа. Но во СДСМ исто така постојат крила, дури и центарфори, само не се јавни. Јас би сакал господине Макрадули, но да бидеме живи и здрави, да ве видиме и вас. Набрзо и на вас ќе ви се случат и крила и центарфори кога ќе дојдете  во фаза да бирате лидер на СДСМ, па исто така кога ќе дојдете во ситуација тој новиот што ќе го изберете после една година да го бркате. Тогаш ќе ве прашам вас лично во кое крило сте. Зарем јавноста не знае дека кај вас постојат крила? Постојат. И кај вас постојат крила, тоа го знаеме, меѓутоа, вие упорно се криете, ќе дојде време и тоа да се види. Јас би сакал тоа да се види заради демократијата во Република Македонија. На крајот на краиштата, многу работи учите од нас. Тоа докажува дека ние сме подемократска партија од вас.

Затоа, не треба да ја насочувате, господине Макрадули атмосферата за една сериозна работа, да ја пренасочувате во некои внатрепатриски случувања во ВМРО-ДПМНЕ, денес овде сме дојдени да разговараме во однос на оваа точка од дневен ред и не е умесно да ни управувате некои внатрепартиски случувања и какви крила има. Јавноста е информирана за тоа секојдневно, вие многу повеќе од јавноста, така што нема потреба овде да правиме такви изјави и разговори и да се држиме до тоа што е на дневен ред.

Според мене, до колку парламентарното мнозинство инсистира на фактот дека нам не ни е потребно во Собранието на Република Македонија да разговараме за оваа работа, јас лично ќе сфатам дека бегате од вистината, односно бегате од фактот да не дојдете случајно до некои докази преку анкетната комисија со кои треба да потврдите дека власта шверцува нафта. Да ве потсетам и на една друга работа, кога е во прашање нафтата. Зошто се јавуваат сомнежи. Не е толку далеку времето кога Република Македонија набавуваше нафта за стоковни резерви по повод иранската криза.  И тоа се замолча, и тоа запре, и тогаш побаравме да се формира анкетна комисија, но немаше волја од парламентарното мнозинство. Да видиме таму под кои услови и начини е набавена нафтата и по кои цени. И колку

Република Македонија изгуби! Или вакво прашање: кои ги прави проценките во СДСМ, дали Република Македонија или во Владата на Република Македонија тогашниот претседател на Владата а сега лицето Бранко Црвенковски, што значи најверојатно тој како премиер ги правеше проценките колку Република Македонија ќе изгуби од една таква набавка, односно колку ќе добие ако се случи и доколку се случи. Меѓутоа, факт е дека Република Македонија набави скапа нафта. Од кого набави господине Макрадули? Дали имаше јавен тендер? И зошто тука јас и вие како колеги не се бориме за една принципиелна работа? Зошто на некого да му дадеме апсолутно право за да не уценува без тендер со непосредна спогодба, а исто така вие се залагавте кога беше ВМРО-ДПМНЕ дека таквите работи се штетни.

Зборувам за нафтата. Зошто се укажува дека во Република Македонија постои шверц со нафта? Да ве потсетам уште на една друга работа. Своевремено поставив пратеничко прашање за оние трактори цистерни кога господинот министер за внатрешни работи ни кажуваше каква математика сум правел, колку трактори треба за оној познат шверц на нафта во Липково. Кога ме убедуваше дека не биле 10.000 ама биле 1.000, дека не била толкава количина колку што сум кажал, туку помала и дека не било шверц ама течела славината на резервоарот. Не можеме да се правиме глуви. Исто така не можеме да се правиме слепи дека кога е во прашање нафта во Република Македонија за цигари е друга тема, но кога прави муабет за нафта во Република Македонија постојат сериозни индиции, сериозни докази дека во Република Македонија се шверцува нафта господине Макрадули. Дали овој случај е таков или не, токму преку оваа анкетна комисија и слични на неа можеме да дојдеме до некоја вистина.

Исто така, само да ве потсетам дека ние како политичка партија ВМРО-ДПМНЕ паралалено со барањето да се формира анкетна комисија овде во Собранието на Република Македонија, сите наши материјали докази што ги имавме, сите сознанија ги доставивме и до Антикорупциската комисија, ги доставивме и до Јавното обвинителство. Ние знаеме кој е надлежен да суди, меѓутоа, да не се залажуваме, Анкетната комисија никого не суди, ниту пак Собранието на Република Македонија. Но, според Уставот и Деловникот има право да разговара и од тоа нема зошто да бегаме. Зошто да бегаме?

Според тоа, секој нека си ја работи својата работа. До каде е обвинителството со тоа не ме интересира. Како пратеник можеби ќе побарам одговор на пратеничко прашање што направило затоа што такво правило имам. Во однос на антикорупциската комисија исто така можеме да поставиме пратеничко

прашање или барање со информација да не извести што станало во однос на она што сме го доставиле. Меѓутоа, паралелно со тоа можеме и ние да придонесеме во расчистувањето во некои вакви работи во Република Македонија, доколку се такви. Доколку не, некој ќе се извини. Меѓутоа, што доколку е така? И да покажеме господине Макрадули дека Република Македонија треба и може - многу ги користам слоганите на лицето Црвенковски, значи "може и знае" - да се справи со аномалиите што се случуваат во Република Македонија.

Ќе ве потсетам на друга работа. Кога СДСМ дојде на власт, тогашниот претседател, сега министер за финансии рече една реченица: Во Република Македонија повеќе нема корупција. Вчера слушам официјален извештај дека Република Македонија била прва по корупција - за Европа веќе е илузорно да зборуваме, ми се чини и пошироко.

Според тоа, незнам за кои криминалци зборувате. Сега слушам дека и во вашите редови има криминалци. Корупцијата не бира страни, господине. Кога се зборува за корупција, се знае кој може да прави корупција.

Дајте да се исправиме пред проблемот, да признаеме сите дека овде во Република Македонија постои корупција, а борбата против корупција и шверц се прави од сите институции во државата, вклучително и Собранието на Република Македонија и ние како пратеници. Затоа, да не бегаме од тоа дали треба да се формира анкетна комисија, да ја формираме анкетната комисија, нека си работат луѓето, ќе ни достават ивештај и каков ќе биде таков, ќе го разгледаме, ќе дискутираме и на крајот на краиштата ќе донесеме заклучок. И тоа не е ништо страшно. А кој кого ќе суди ќе кажат оние институции кои се надлежни за тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Мите Николов за реплика.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Предлогот на ВМРО-ДПМНЕ е се со цел да се наштети на оваа реномирана куќа во Штип. Имено, од се што е добро да се направи лошо.

Како доктор што долго години работи во Медицинскиот центар, а од почетокот на оваа производствена куќа ги следам анализите кои се правени на маслото за јадење како во Заводот за здравствена заштита во Штип, така и во Републичкиот завод за здравствена заштита во Скопје, за што се интересирав, така и од заводите во Белград, па ниедна мостра која досега е земена, во ниедна не е

најдена примеса која ќе биде штетна по здравјето на луѓето. Затоа и покрај сите заложби, сметам дека квалитетот е квалитет и не треба на добрите куќи да им пречиме, се со цел да го нарушиме нивниот углед и реноме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика ксе јави г. Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитувана потпретседателке, ќе кажам само неколку збора на колегата Караџоски. Со оглед на тоа што излезе од контекст основната тема за која разговараме, сакам да му кажам дека афологијата на принципите во политиката се судираат со основниот принцип, на кој се судираше и ВМРО во текот на ова политичко дејствување. Аршинот е различен. Принципите се употребуваат само кон СДСМ. Рековте дека оваа афера ја потресува Македонија. Не дај боже оваа афера да ја потресува Македонија. Ќе ве потсетам само на некои аферчиња кои сеуште ја тресат Македонија и стандардот и џепот на граѓаните на Република Македонија. Ја тресе и ќе ја тресе сеуште Македонија. ќе го тресе и Буџетот на Република Македонија, заради монополската позиција, што треба да се плаќаат пенали. Јас цената нема да ја кажам. Телекомот ја тресе Македонија и стандардот на граѓаните на Република Македонија 51% продажен од она што можеше државата натаму да профитира. Нафтоводот, успешна инвестиција со која железничкиот сообраќај остана без работа и штрајкуваат работниците, а знаевме дека со железницата поевтино ќе се превезуваше сето ова. Царината, Далаверски недостапен, не може да го најде и Интерпол, а нашиот шеф на царина, кого го гледаме тука чесно си ја врши работата. Ако е чесен, нека дојде и нека се појави. Јас ќе покажам за други штети кои сеуште ги трпат луѓето во црнината. Редица царинари деновиве се наоѓаат на испит пред судските органи, заради тоа што е нечио дискреционо право, средства од царината биле директно уплаќани на сметките на ВМРО-ДПМНЕ. Ако не ми верувате, јас тоа ќе го докажам на наредната седница. Тајванските кредити, тендерите и уште нешто за мене најважно, ако го погледнете последниот Извештај на Државниот завод за статистика, ќе видите дека дискреционото право на сите ваши министри од поранешната Влада било издигнато над првото во Република Македонија. Сето она што било доделувано во буџетот на министерствата, било земено или насочувано по принципот на дискреционо право. Што треба повеќе да ја тресе Македонија. Зошто сега правиме комедија од една обична случка, или од една

обижна фотографија. За мене тоа лижи како една обична инсталација во простор што сме го снимиле таму. Или политичка персонификација што во политиката и болвата може да биде слон. Колега Караџоски така имам чувство од тоа што вие го кажавте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одговор има г. Жарко Караџоски.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Афери Република Македонија ја тресат и денеска, да речеме набавка на стентови во Клиничкиот центар, афери ја тресат Република Македонија, исто така и денеска, кога државни секретари земаат мито. Афери ја тресат и уште многу, да не ги набројуваме. Меѓутоа, дека афери ја тресат Република Македонија сведочи најновиот извештај на Стејдепартменот кој што прв пат во својот извештај кажува дека Република Македонија е најкорумпирана земја и дека такво нешто е драстично зголемено од она што било пред тоа.

Според тоа, кога зборувате за афери, немојте само да потенцирате некои афери кога некој друг бил на власт. Бидете храбри и кажете дека сега има афери и токму тука е прашањето со шверцот на нафта. Зошто да бегаме, да дискутираме или да дојдеме до некој заклучок дали има или нема афери. Или да ги оставиме да си прават афери и да завршиме се тоа што се случувало пред СДСМ дека било се тоа афера, но денеска нема никаква афера во Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува г. Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на јавноста, првиот дел го спомна г. Караџоски дека на 16.02. го поднеле барањето и тоа е ставено на првата наредна седница. Тоа за жал, во Македонија што се случија непредвидени настани, не знажи дека некој бега од точката. Напротив, направена е согласно процедурата и согласно одредбите од Деловникот за работа на Собранието.

Што се однесува до оној дел за анализа што се направи за центарфор и крило на својата партија, тука се согласувам, само што на една таква утакмица

господине Караџоски не е нормално тренерот да е во друга држава, кога има утакмица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Караџоски повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Макрадули кој е тренер кај вас. Лицето Бранко Црвенковски, или можеби новиот премиер Хари Костов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Отидовме многу далеку, сепак да не спомнуваме лица кои што не се присутни, за тоа имаме коректен договор, посебно на некој што се носители на највисоки функции во државата.

За дискусија се јавува г. Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Оваа точка на дневен ред има неколку димензии кои се важни, а низ кои ние ќе си ги тестираме институциите на системот.

Првата и основна заради која е поставено да видиме дали Собранието може да го има капацитетот на контрола над извршната власт. Со оглед на спорните извештаи, информации и изјави, што носителот на функција во царината и полицијата ги дава, оваа анкетна комисија токму тоа можеше да помогне, на јавноста да и даде поблиска слика за тоа што во конкретниот случај се случило и во нормална демократија и во нормален Парламент три месеци не се поместува ваква точка и мислам дека ова е  повеќе на штета на политичкото мнозинство и заради тоа беше можеби поопортуно да се прифати и со тоа да не се отворат проблеми.

Второ, што ме загрижува е упорноста со која не се сака да се расправа за прашањето за шверцот на нафта и нафтени деривати, од проста прижина што таа димензија има меѓународен карактер и ако не дозволената трговија некаде има висока цена на ризик и профит, тоа сигурно е во делот на акцизните стоки, вклужувајќи ја и нафтата и нафтените деривати. Не треба слики, доволно е да си го погледаме буџетот од минатата година, остварувањето на буџетот и ќе видите дискрапанца помеѓу енергетскиот биланс на Република Македонија во минатата година, индустриското производство и наплатената акциза од нафтените деривати. И тука сигурно ќе видите дека во Македонија во зададени економски услови, такви

какви што се од минатите последни месеци наплатата е за 20%помалку и тоа бара одредено објаснување. Нафтени деривати да не затвореме очи и денеска се шверцуваат и тоа се прави на начин на кој се обмануваат институциите на системот. Најчесто тоа се прави за нафтените деривати кои добиваат дозволи во Реекспорт за кој најчесто промената на докумнетите на границата е фактор како да се задржат дел од тие цистерни во Македонија.

Вториот начин е привилегиите што по основ на слободни царински зони ги има во Македонија и затоа дали преку Анкетната комисија, дали новата Влада ќе најде за сходно, треба да објасни зошто во Македонија во целиот зимски период од октомври до април прашањето на точење на екстра лесното или масло за домаќинство, значи не масло за јадење, затоа што видовме дека во МВР не разликуваат што е масло за јадење, а што масло за домаќинство, зошто поголемиот дел од пазарот заради привилегирани акцизни висини се точат како редовно диво гориво, каде се огромни загубите на државата по тој основ. Значи проблемот со шверцот на нафта постои во Македонија.

Што се однесува до овој конкретен случај, овде г. Караџоски добро објасни дека всушност забуната и продолжувањето на аферата, не ја направија тие кои ја покренаа, во случајот ВМРО-ДПМНЕ туку изјавата на директорот на Царината кој не беше свесен дека покажа цистерни кои носат ознака за превоз на опасни материи, односно точната ознака за превоз на нафта и нафтени деривати и изјавите на претставникот на Министерството за внатрешни работи кои со информации од регистарска влошка на некоја компанија, која во овој момент сега имала блиски од оваа или од онаа политичка партија, сакаше да ја обмане македонската јавност и да покаже дека оној кој ги нема уредно дозволите, согласно правилата за промет со нафта и нафтени деривати во Македонија, само заради тоа што имала регистрација во судот, можел да се бави со промет на нафтени деривати.

Аферата има трет дел, само ќе дојде малку подоцна кога ќе видите дека не сте имуни од конфликтни интереси, кога истата фирма на 20 метри од местото каде што е оваа слика веќе направил резервоари за нафта и нафтени деривати, кои не беа во согласност со прописите во Република Македонија кои прописи подоцна се спуштија на критериумите за да ги задоволат изградбата на тие резервоари.

Према тоа, нема имуна власт, Влада која на прашањето на нафта и нафтени деривати во Македонија не покажала слабост. Затоа мислам дека беше добро оваа анкетна комисија да се формира, па макар докажала дека и зејтин се пренесувало во цистерната.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Госпоѓо потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Сакам да го изнесам своето мислење, по однос на предлогот за формирање на анкетна комисија.

Прво во основа од секогаш сум прифаќал и прифаќам формирање на анкетни комисии кои пред се, ќе имаат за цел да придонесат за зајакнување на улогата на пратениците и на Парламентот како институција во однос на конктрола на извршната власт. Би се согласил за формирање на оваа анкетна комисија ако од предлогот на одлуката и од досегашните дискусии произлезеше дека има за цел да формира анкетна комисија и да ја постигне она што е утврдено во Уставот и во Деловникот за работа при формирањето на анкетните комисии. Но од она овде што е предложено и од дискусиите се настојува пред се, на анкетните комисии да им се даде друга функција односно анкетните комисии да се претворат во истражни органи. И со Деловникот и со Уствот, тоа не е дозволено и во таков случај не можеме да формираме такви анкетни комисии. Анкетната комисија треба да има улога да одреди политичка одговорност на лица кои се носители на политички финкции и врз основа на одредување на таа политичка одговорност на тие лица да предложи одговорност политичка на адекватен орган. Анкетната комисија ниту смее, ниту ние треба да дозволиме да се претвори во органи кои што ќе превземат функција на органи кои што треба да извршуваат стручни анализи и да даваат стручни мислења. Таквиот начин не смееме да си го дозволиме. Од искуството што досега го имаме со анкетните комисии јас сум раководел со една Анкетна комисија во периодот од 1996-1998 година, Анкетната комисија за јавни набавки. Од искуството со анкетните комисии кои подоцна се формирани се донесува еден заклучок, барем јас така можам да заклучам, дека ние анкетните комисии ги формираме и тие станувaaт инструменти на времена политика. Затоа, досега немаме адекватен резултат од формирањето на анкетните комисии. Она што треба да го содржи конкретната одлука и она за што треба денеска да раскраваме е прво да одредиме што навистина анкетната комисија која се предлага треба да утврди. Од одлуката која што ни е предложена може да се заклужи следново: пред време

пред формирањето на анкетната комисија заклужуваме дека во Македонија има шверц на нафта. Ако е така, тогаш зошто да ја формираме анкетната комисија. Затоа сметам дека во самиот наслов треба да стои одлука за основање на анкетна комисија за испитување на увозот и евентуалниот шверц со нафта во Република Македонија. Затоа што анкетната комисија доколку се формира е таа што треба да докаже дали при увозот имало или немало шверц. А предвремен заклучок укажува дека намерите се крајно штетни. Не смееме со нашите дискусии да нанесуваме штета на било која фирма во Република Македонија.

Второ што сакам да кажам од самата одлука онака како што е формулирана, не знам дали набрзина предлагачите ја напишале, или што била причината, од првиот член ќе излезе дека ние треба да ги испитуваме членовите на ВМРО-ДПМНЕ, кои што ги изнесоа изформациите во јавноста, бидејќи вели доказите презентирани од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Значи не се испитува ништо друго, туку ќе треба да ги испитуваме тие членови, што сметам исто така дека е апсурд и непотребно да стои во една ваква одлука.

Следното за кое што сакам да зборувам е тоа дека и во дискусиите, кои што беа досега презентирани по однос на поддршката на одлуката за формирање на анкетна комисија се навлезе во стручни некои анализи, хемиски, биолошки, физички и не знам уште какви. Самото тоа покажува предвреме дека постои можноста за политизирање на случајот и да не дојдеме до вистинското решение. Таквите работи не смееме да си ги дозволиме и тоа треба да го оставиме на стручните институции, кои што постојат во Република Македонија, кои што врз основа на писмени документи, ќе докажат дали е така, или не е така.

Понатаму предлагачите, предлагаат формирање на комисија со која што однапред јас можам, некој ќе рече видовит, да видовит во овој случај со ваква одлука ќе бидам, што однапред го знам извештајот, што се случувало со досегашните анкетни комисии. Ќе се работи, месец, два, три, пет, шест, или две години и сме имале и такви случаи и на крајот комисии анкетни не можат да се договорат за извештајот. А не можат да се договорат заради тоа што членовите на партиите кои што ја поддржуваат Владата имаат едни ставови, членовите на опозицијата имаат други ставови и кога ќе дојде конечниот извештај, оние кои што имаат мнозинство ќе го предложат извештајот, онака како што тие мислат дека треба да биде.

Затоа членот 3 кој што покажува однапред дека претседател и четири члена да бидат од редовите на опозицијата, а четири члена од Владиното мнозинство,

покажува во намерите на предлагачите да се состават, ако веќе немаат составено извештај кој што ќе биде исклучиво за политички цели. Некој ќе рече, па се контролира власта и дека треба во таков случај да има мнозинство опозицијата. Се согласувам и за тоа. Но, во овој случај онака како што е напишана одлуката треба да се докажат доказите изнесени од страна на опозицијата. И тогаш е нормално дека ваков член е неприфатлив. Затоа предлагам во основа што сакам да подржам формирање на анкетни комисии, што сакам да поддржам зајакнување на улогата на Парламентот, зајакнување на улогата на пратениците. Предлагам оваа одлука предлагачите да не ја предложат сега за гласање. Да предложат заедно со координаторите на сите пратенички групи прво,  да се дефинираат целите што сакаат да се постигнат со формирањето на анкетната комисија, да се одредат задачите на Анкетната комисија во одлуката која што ќе ја донесеме и строго да се одредат границите за што ќе работи и што ќе испитува анкетната комисија. Да се договорат координаторите на пратеничките групи за составот на Анкетната комисија. Четврто, да го одредат рокот за кој што Анкетната комисија ќе биде должна да му поднесе извештај на Парламентот. Претходно што беше дискутирано дека имаше анкетна комисија која што имаше точно одреден рок во кој што требаше да поднесе извештај, ако се сеќавате господа тој предлог за утврдување на рокот беше од моја страна и со конкретен амандман. Тогаш имаше противење, на крајот се прифати и до ден денес иако така утврден рок немаме извештај од таа анкетна комисија. Затоа сметам дека е потребно овие мои предлози да се прифатат во еден таков случај јас би подржал формирање на Анкетна комисија. А, ваква како што е предложена, сметам дека е исклучиво не да речам политика, туку за политиканство. Сметам дека таква Анкетна комисија како што е прдложена ќе нема резултат. И, на крајот ние само можеме да нанесеме штета на одредени фирми,во овој случај на оваа, во друг случај на други и сметам дека како пракса не треба да ја прифатиме. Би завршил со тоа доколку бидат прифатени предлозите кои што ги предложив од страна на предлагачите спремен сум да ја поддржам одлуката за формирање на Анкетната комисија. Во спротивно ова вака како што е, не е она вистинското за што наводно се залагаат предлагачите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За репклика се јави г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас сакам само да искажам на што е последица оваа точка што е ставена на дневниот ред, а тоа е на нефункционирањето на институциите на системот и

фактичкото не владеење на правото во Република Македонија. Што сакам да кажам. Кој е начинот на кој што требаше да се реши ова прашање. Кои се тие надлежни институции кои што требаше да се занимаваат со ова прашање и на адекватен начин согласно законите на Република Македонија и нејзиниот Устав да го решат ова прашање. Значи, првото прашање, дали имаше индиции за постоење на шверц со нафта, односно постоење на кривично дело и какво? Кој треба да се занимава со тоа прашање. За тоа прашање треба да спроведе истрага. Значи, треба да се вклучат Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, истрачниот судија. Ако е тоа така, како може Министерството за внатрешни работи да излегува во јавност и да се појавува во улога на адвокат и анблок однапред да кажува дека не постои воопшто кривично дело, или дека не постои воопшто шверц на нафта. Зборувам за закон. Значи, Министерството за внатрешни работи требаше да направи испитувања во однос на индициите кои што беа прикажани. Тие индиции да бидат проследени до истражниот судија, истражниот судија да спроведе постапка и да утврди има, или нема таква состојба. Доколку нема таква состојба, тогаш се отфрла тоа, ако има, се оди понатаму. Зборуваме за закон. Факт е дека за истиот тој предмет веднаш се огласи и царинската управа. Тие веднаш кажаа дека нема шверц на нафта. Значи, не постои кривично дело. Проблемот во Република Македонија е што проблемите од ваков вид не се решаваат во инситуциите кои се задолжени за тоа, туку се решаваат во мали кругови, или групи на луѓе кои што од најразлични причини се однесуваат на овој, или оној начин по однос на тие прашања. Затоа сакам да кажам дека не треба да се сомневаме дека институциите на системот нема да си ја завршат својата работа, меѓутоа за тоа треба да им се даде можност. Меѓутоа, тенденцијата која што ја има извршната власт да има силно влијание и врз овој Парламент и врз законодавната власт, како што и самите кажавте, Парламентарното мнозинство ќе изгласа вака, или така, што значи по налог на политичките партии кои што го сочинуваат тоа парламентарно мнозинство. Тогаш која е функцијата на овој парламент дали на тој начин не се девалвира функцијата на овој Парламент. Тоа беше она што сакав да го кажам. И навистина ако зборуваме за правна држава, ако зборуваме за борба против корупцијата, тоа се знае на кој начин се води и се знае на кој начин се утврдува одговорноста за тоа. Политичката одговорност потоа следува. Не може прво да се утврдува политичка одговорност, а потоа кривично дело, или незнам, постоење, или непостоење на одреден случај.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас не сум правник да кажувам кое , како треба точно правно, но г-динот Стојановски реплицирајќи ми го потврди моето кажување. Прво, мислам дека на крајот направи еден лапсус, мислам дека е правник, направи еден лапсус дека, вели не можеме ние да утврдуваме политичка одговорност ако нема кривична одговорност. Јас така го сватив. Ние не сме, ниту смееме да си дозволиме да утврдуваме кривична одговорност. Она што јас го зборував, вие го потврдивте. Ние треба да испитаме постои ли одговорност на носител на политичка, односно на функција на која што е избран, или именуван од Парламент, од Влада или од друга институција. И ние можеме да ја одредиме само таа одговорност и неговото достоинство за понатамошно вршење на функцијата. Ние не смееме ни законски ни уставно, ни како сакате да навлегуваме како Анкетни комисии во истражни дејствија. За тоа си постојат институции. Вие само го потврдивте моето мислење. Тогаш, треба да предложите Анкетна комисија за одговорност на одредена институција, или носител на фунцијата во таа институција заради што затаила и не си ја извршила својата улога и својата задача која што му произлегува од одреден закон. Значи, вие потврдувате дека предлогот ви е погрешен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г-динот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво, мене ме радува што г-динот Најдовски барем овде е редок пратеник од парламентарното мнозинство кој искажа некаква волја и искажа некаква согласност да евентуално би можел да ја поддржи оваа одлука. Дури ме радува и тоа што фактички добро ја прочитал, ја разгледал и понудува некои алтернативи, односно свои видувања како треба да биде анкетната комисија што од други пратеници на парламентарното мнозинство денеска не слушнав, туку анблок беше воопшто да не се расправа. И тоа ме радува. меѓутоа, морам да искажам дека г-динот Најдовски, добро точно е тоа дека не е правник и можеби оттука произлегува и нејаснотијата која му се јавува.

За членот 1 за кој што зборува дека станува збор дека треба да се испитуват членовите на ВМРО-ДПМНЕ по однос на некаква одговорност, апсолутно тоа не е точно, затоа што членот 1, зборува за испитување на шверцот, а во врска со доказите презентирани од страна на ВМРО ДПМНЕ. И тоа не завршува тука. Значи, анкетната комисија нема да се занимава само со доказите на ВМРО ДПМНЕ, затоа што веднаш после тоа следи член 2, во кој што се вели дека за испитување на

случајот Анкетната комисија ќе соработува и со Владата и со МВР и со сите други надлежни институции и физички лица кои што можат да придонесат за целосно утврдување на состојбите. А нивниот придонес се знае каков може да биде кога се тоа овластени институции во оваа држава. Значи, тоа не е проблем. Се знае што испитува Анкетната комисија. Исто така не би се сложил дека одлуката треба да носи наслов Анкетна комисија за основање, или утврдување на некаква политичка одговорност на некаков орган, затоа што досега таква Анкетна комисија немало, туку се утврдува настан, случај, а дали има политичка одговорност, или не, се прави во извештајот и кој орган е одговорен, исто така се прави во извештајот што ќе го достави Анкетната комсија. Така е тоа г-дине Најдовски, така било и така треба да биде.

По однос на членовите 3, 4 па и сите други останати, сакам да кажам една работа. Ние како предлагачи доставивме предлог одлука, значи не доставивме дефинитивен и конечен став. Ние само иницираме нешто. И апсолутно не е проблем дали треба вака да останат членовите, дали треба нешто да се додаде, дали треба да се воведе рок, дали не треба, значи ние само иницираме како иницијатори. Оваа одлука е толку долго време во Собранието што секој пратеник и вие вклучително сте можеле да реагирате со амандман, или сте можеле да покренете иницијатива, или да не повикате како предлагачи да најдеме некој консензус доколку постоела сериозна волја ваква одлука да се прифати, дали да утврдиме рок, дали некој член да изоставиме, дали некој да го допрецизираме. Досега таква работа нема. Според тоа, г-дине Најдовски јас верувам во вашите искрени намери, меѓутоа не верувам во намерите на останатите пратеници кои го поддржуваат, Владата, односно кои се парламентарно мнозинство дека воопшто сакаат да дискутираат во делот дали треба одлука, туку анблок сакаат да се отфли.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Г-дине Караџоски, ги изврτивте малку моите реченици. Прво, околу насловот. Видете во стенографските белешки, јас не реков дека насловот треба да биде за утврдување на политичка одговорност, туку кажав што е суштината на анкетните комисии. А, за насловот реков дека треба да биде за основање на Анкетна комисија за испитување на увозот и евентуалниот шверц со нафта во Република Македонија, бидејќи вака како што е дадено, вие предвреме донесовте заклучок за нешто за кое што допрва барате испитување.

Втора работа, немојте да мислите дека сум сам, кога би бил реален вашиот предлог и кога не би бил само со единствена политиканска цел, ќе имате многу

поддржувачи во тој случај. Мислам дека вие само потврдивте она што го кажував јас дека одлуката која што ја предложивте ви е непрецизирана. И на крајот ќе замолам, јас ќе ве поддржам во се, но вие од она што ќе го кажете треба до крај да останете доследни. Вие во првото ваше излегување во врска со оваа проблематика рековте, односно вашите претставици дека во шверцот со нафта се вмешани голем број на пратеници од владеачкото мнозинство. Еве јас во ова ве поддржувам. Станете вие посочете ги пратениците, затоа што јас сум еден од пратениците во владеачкото мнозинство и дали мене, или мојата колешка Иванова, и десно сите овие што се од владеачкото мнозинство се шверцери на нафта? За секој збор изречен е со голема тежина и за тоа треба да крај да се одговара.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сега ќе го користам како право на дискусија, со оглед на тоа што немам контрареплика. Морам да реагирам на ова последното. Господине Најдовски, а и сите колеги пратеници, оваа предлог одлука ја доставуваат пратеничка група на ВРМО ДПМНЕ и Либерална партија потпишани се во прилог на оваа одлука. Јас не сум слушнал никаде, а не верувам ни вие дека некои од овие потписници изјавил ова што вие сега нас ни го кажувате. Значи, ние овде расправаме во Собрание по однос на одлука за формирање на анкетна комисија. Никој, ниту јас сум изјавил дека некој пратеник, или министер, или незнам кој е одговорен. Ние зборуваме за она што е работа во Собранието, значи ние велиме дека постојат индиции за некаков шверц во Република Македонија со нафта. Можеби држи тоа насловот да има “евентуален” итн. Меѓутоа, ако сега зборуваме, зборуваме од име на пратеничка група и овде потписници кои што стоиме зад оваа одлука. Тоа што изјавил портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ е изјава на портпарол на ВМРО - ДПМНЕ и тоа нема блага врска со потписниците кои што се овде денеска . Затоа што пак ќе напоменам, во овој предлог стојат пратеници, или група пратеници вклучително и пратеници на ЛП. Значи, да не ги мешаме, или да не ги извртуваме тезите . Ние овде бараме по пат на институциите на системот, и она право кое што го кажав, го имаме и со Устав и со Деловник во една работа преку една Комисија да дојдеме до факти, односно до некаква позиција дали во Република Македонија постои, односно во поглед на оваа афера има некаква политичка одговорност, значи дали има и ако веќе има, кој ја сноси таа одговорност. Значи јасни се работите. Затоа немојте сега нас да ни инпутирате нешто што не сме изјавиле и да барате од нас извинување за кое што не сме изјавиле.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Имам една кратка реплика. Незнам како да ја сватам дискусијата на колегата Караџоски, но јас го дискутирам она што го читам. Овде пишува во член 1, вели: со оваа одлука се основа анкетна комисија за испитување на шверцот со нафта во Република Македонија, нагласувам, а во врска со доказите презентирани од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа се доказите од ВМРО-ДПМНЕ.Сега ако пратеничката група на ЛП и на ВМРО-ДПМНЕ тие докази ги користи од партијата ВМРО-ДПМНЕ, тогаш тоа е друго, Но, јас ја поврзував пратеничката група, потписниците на оваа одлука ги поврзував со изјавите презентирани од ВМРО - ДПМНЕ. Ако сум погрешил, се извинувам. Но, така пишува, така читам.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само кратка контрареплика, ако може така да се каже, значи ние зборуваме за докази, не зборуваме за изјави. Она што ВМРО ДПМНЕ го презентирал како политичка партија од аспект на докази, а тие докази сите ги знаеме: фотографии, итн.Не зборуваме за изјави. Мислам јасно е како ден.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да го дадам предлогот на одлуката на гласање, јас би замолила службите да го утврдат бројот на присутните во салата, а истовремено ги замолувам сите колеги пратеници што се наоѓаат во Собранието да влезат во салата.

Процедурално, има збор Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Со оглед на тоа што сме предлагачи овде има најава дека евентуално може да се дојде до некој  компромис. Барам 15 минути пауза доколку можеме да постигнеме компромис.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Меѓутоа, претресот го затворивме.

Ве повикувам да гласаме.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. И ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 13 пратеници гласале за 4 воздржани и 48 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не ја донесе одлуката за основање на Анектна комисија за испитување на шверцот со нафта во Република Македонија

Објавувам пауза.

Продолжуваме во 14,00 часот.

(по паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точка 39 - Информација за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим на граѓаните на Република Македонија за земјите од ЕУ, поднесена од група пратеници.

Да не ги читам сите, очигледно е дека целата група е на опозицијата ВМРО-ДПМНЕ.

Информацијата, дописот на Комисијата за надворешна политика и дописот на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

Повелете г-дин Блаже Стојановски вие имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Г-дине претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи ја предвид состојбата во однос на проблемите кои што ги имаат граѓаните на Република Македонија по однос на нивните патувања и проблемите со визите, нашата пратеничка група ја поднесе оваа Информација со цел да се утврди состојбата, проблемите и кои се оние чекори кои треба да се превземат за да се надминат овие состојби односно да се оди во правец на надминување на проблемите со кои се соочуваат граѓаните. Меѓутоа, и покрај тоа што помина подолг временски период од доставувањето на оваа информација до Собранието на Република Македонија односно од 10 февруари оваа година, ние немаме добиено мислење од Владата на Република Македонија по однос на оваа точка што сакам да искажам како едно незадоволство, не сакам да помислам дека се работи за девалвирање на она што се предлага од страна на пратениците, меѓутоа во секој случај се работи за игнорирање на иницијативите и предлозите кои што произлегуваат од страна на пратениците или пратеничките групи во ова Собрание. Од тие причини ниту на една комисија не е разгледувана оваа Информација и ние мораме на оваа пленарна седница да посветиме поголемо внимание, затоа што се работи за еден суштински проблем, кој што како пример на почетокот на оваа дискусија ќе кажам дека претставува голем одлив на средства по овој основ на

најразлични странски дипломатско-конзуларни претставништва , амбасади или други претставништва.

Најпрво, сакам да ви кажам пред се, заради граѓаните на Република Македонија да ги запознам со тоа што всушност претставува она кон што се стремиме и зошто тоа го правиме по однос на договорот од Шенген и Конвенцијата за примената на овој Договор од Шенген. Значи, идеите за европска интеграција после втората светска војна наидоа на своја реализација во низа регионални договори за соработка во областа на трговијата, стопанството и културата помеѓу земјите од Западна Европа. Како покарактеристични договори се покажаа договорите помеѓу шесте земји кои што основаа Европска заедница за јаглен и челик во 1951 година, потоа Европската економска заедница и Европската заедница за атомска енергија формирана во 1957 година.

Развојот на Европската интеграција се одвиваше постепено со утврдување на нови облици за соработка и постојано зголемување на бројот на незините членки. Така на почетокот броеше 6 членки, за да на први јануари 1995 година, брои 15 членки, а сега како што знаеме  бројката достигна до 25 земји членки. Со постепеното остварување на циркулацијата на стопи, капитал и лица растеше и значењето на внатрешната безбедност на ниво на заедницата во целина. Така, договорот од Шенгејн претставува конкретна реализација на идејата за единствен простор без внатрешни граници за движење на лица, промет на стоки, услуги и капитал.

Во планот за созавање на голем европски Пазар, Европа без граници се издвојуваат неколку значајни етапи. Прввиот е договорот лза основање на Европската економдска заедница, познати како Римски договор потпишан на 25 март 1957 година, од страна на Белгија, СР Германија, Франција , Италија , Луксембург и Холандија. Тој претставува основа за создавање на простор без внатрешни граници меѓу државите членки . Во исто време со овој договор е предвидено широка економска соработка, која има за цел со воспоставување на заеднички Пазар и постепено усогласување на економската политика на земјите членки да обезбеди рамномерен развој на стопанските дејности, поголема стабилност, повисок стандард и поблиски односи помеѓу државите кои и припаѓаат.  Заради остварување на овие цели предвидено било според условите во склад со роковите дејностите на Заедницата да ги опфатат меѓу другото укинување на царините и квантивните ограничувања на увоз и извоз меѓу земјите членки , како и укинување на препреките за слободно движење на луѓе, услуги и каптиал.

Во еден од периодите на т.н. стагнација на Европската економска заедница , а со цел да продолжи континуираниот развој на интеграцијата Европскиот совет на Самитот во Франција во јуни 1984 година, формира два комитети кои имаа за задача да ги предложат адекватните решенија. Првиот комитет кој бил задолжен за институционален развој на Заедницата предложил измени кои подоцна нашле место во единствениот европски акт.

Вториот комитет познат како Комитет за Европа на граѓаните задолжен за координација на активностите во Заедницата, предложил мерки за развој и јакнење на европскиот интегритет на граѓаните. Европскиот совет по тој повод посебно ја нагласил потребата за укинување на сите полициски царински формалности за движење на лица и стоки во границите на заедницата. Со единствениот Европски акт членките на европските заедници го модификувале Римскиот договор, со што целта им била формирање на голем внатрешен пазар. Како краен датум за реализација на овој план бил 31 декември 1992 година. Со овој акт внатрешниот пазар е дефиниран како подрачје без внатрешни граници на кој е обезбеден слободен промет на стоки, лица, услуги и капитал. Во таканаречената еуфорија на внатрешниот Пазар и реформите на Европската заендица на ред дошло и прашањето за укинување на внатрешните грнаици меѓу земјите членки. На пример земјите од Бенелукс .

Но, бидејќи околу тоа прашање не бил постигнат консензус релаизацијата на идејата Европа без граници почнала само меѓу пет држави, СР Германија, Франција и Бенелукс со Договорот од Шенген кој што го склучиле на 14 јуни 1985 година. Со договорот од Мастрик е извршена најрадикалната ревизија на истиот договор и во значајна мера е сменета структурата во Европската заедница. ЕУ од тој момент ја чинат три столба на соработка.

Првиот столб односно трите договори за основање на Европската заедница, Европската заедница за јаглен и челик и Европската заедница за атомска енергија е значајно зацврстен. Тука посебно придонесува создавањето на економската и монетарната унија што значи суштински напредок и развој на соработката.

Вториот столб ги опфаќа заедничката надворешна и безбедносна политика.

Третиот столб за прв пат предвидува инситуционализирана соработка во областа на внатрешните работи и правосудството. Овие етапи се последица од различната еволуција во развојот на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ. Ова го зборувам како увод за да биде појасно што претставува Шенгејн, договорот од Шенгејн и сето она што ние постојано го спомнуваме во јавноста дека се трудиме да

ја надминеме таа брана која што ни е поставена со тој договор. Причината за појавување на првичниот договор се проблемите кои се јавуваат од почетокот на 1980 година во меѓународниот транспорт. Возачите на тешки камиони во период од 12 дена блокираат неколку гранични премини во знак на протест од долготрајното чекање на внатрешните граници на Европската заедница. Како реакција на овој протест неколку земји членки изразиле подготвеност овој проблем да биде решен. На состанокот на министрите за сообраќај на СР Германија и Луксембург на 31 мај 1984 година постигнат е договор кој треба да стапи во сила на 1 јануари 1985 година. Посебно, значајно е во овој договор мерките.

Прво, во голема мера да се елиминира контролата на заедничките граници.

Второ, да се замени системската техничка контрола со контрола на основа на случаен примерок.

Трето, да се забрза преминот на транспортните возови.

Четврто, да се укине контрлата за премин на лица и транспорт на стока. Паралелно со овој договор СР Германија и Франција во Сарбрикен на 13 јули 1984 година потпишале конвенција , со која е предвидено укинување и тоа постепено на контролата на границите помеѓу овие две држави. За помалку од една година од склучувањето на договорот од Сарбрикен во Шенген на 14 јуни 1985 година е заклучен договорот помеѓу владите на земјите членки на ЕУ, Бенелукс, СР Германија и Франција за постепена суспензија на контролата на заедничките граници. Токму поради ова договорот од Сарбрикен претставува зачеток на договорот од Шенген. Договорот од Шенген може да се смета за дел од активностите на некои земји членки на ЕУ во градењето на европската архитектура. Први кои го потпишале се земјите кои што ги наведов и тој опфаќа повеќе видови на мерки, како краткорочни кои што ја регулираат слободата на движењето на лица и стоки, така и долгорочни кои што претставуваат декларативно определување на членовите на групата Шенген. Државите основачи пет години подоцна ја потпишуваат Конвенцијата за примена на договорот од Шенген на 19 јуни 1999 година и заедно со оваа Конвенција потпишани се уште три дополнителни текстови, финалниот акт, протоколот и заедничката Декларација на министрите и државните секретари. Конвенцијата почнала да се применува од 26 март 1995 година со исклучок на Франција која ја одложила примената на неколку делови од оваа Конвенција за 26 март 1996 година односно за една година подоцна. Предвидено било таа да се потпише од сите земји членки, што всушност и почнало да се случува. Ја потпишале Италија, Шпанија и Португалија, Грција, Данска поднела

барање да добие статус на набљудувач, Австрија го добила тој статус за подоцна да го прифати, а се предвидувало до 1996 година сите да се приклучат на оваа Конвенција. Договорот и Конвенцијата од Шенген претставуваат нов облик на поврзување кој значајно ги менува класичните форми на соработка и комуникација во осетливата област на внатрешните работи и националнатас безбедност на земјите членки. Како побидтни причини за негово склучување можат да се наведат некои членки на Европската заедница веќе имале воспоставено билатерални договори кои опфаќаат делови од Шенгенскиот договор. Идејата за слободно движење на лица, безгранична контрола не било новина за земјите од Бенелукс. Франција и Германија подолго време развиваат пријателски односи. Кај сите земји на групата Шенгејн се појавил страв од можноста за емиграција и пограничен криминал што придонело за воспоставување на потесни врски и соработки меѓу органите за внатрешни работи и правосудството. Зад планот Шенгејн застанале државите кои биле пионери на Европската интеграција. Потиписничките за да го избегнат создавањето на уште една паралелна европска заедница одлучиле овие одредби да важат за сите граѓани на земјите членки на ЕУ. Договорот од Шенгејн не е директно поврзан со системот и правото на ЕУ имајќи во предвид дека тој е склучен само од некои земј членки. Меѓутоа, тој е типичен пример за практичниуот развој на Европа , односно тој е доказ дека поедини држави на ЕУ се спремни во одреден момент да одат чекор понапред во интеграцијата. Меѓутоа, независно од овој целиот историјат за кој што зборував досега каде е тука Република Македонија и што претставува она што ние мораме да го направиме за да ги исполниме нашите обврски за Македонија да биде симната од листата на земји на кои што им е потребна шенген виза.

Од 163 држави со кои Македонија има воспоставено дипломатсодноси македонските граѓан без виза може да патиуваат само во 12. Значи од 163 држави со кои што имаме дипломатски односи македонските граѓани без виза можат да патуваат само во 12. Тоа се претежно државите од бивша Југославија, бес Словенија, потоа Бугарија,Турција , Куба, Јапонија, и уште некои далечни земји до кои неможе да се стигне без транзитни визи. За добивање на виза од било кој вид , туристичка, студенска, работна , иселеничка, еднократна или повеќекратна и за во било која земја граните на Македонија се обврзани да поднесат голем број на документи со кои ќе докажат дека не се потенцијални емигранти. Дожни се да дадат определена сума пари за услугата добиена од конзуларните претставништва и да чекаат со часови за предавање на апликациите со документите за виза и со денови ,

недели или месеци на одговорот од одобрената или неодобрената виза. Апликациите и документите за добивање виза во поедини земји, кои немаат свои конзуларни претставништва во Скопје , како на пример Чешка, Португалија и други земји граѓаните на Македонија мора лично да ги носат во нивните претставништва во Белград или во Софија и во други градови надвор од земјата. Добивањето виза за студенски престој , работна виза, иселеничка, дури и туристичка виза претставува кошмар за голем број на наши граѓани, голем трошок за нив, а често и поле на корупција за разни посредници и криминалци. Граѓаните на Македонија не ги обвинуваат другите земји што на тој начин се бранат од нив и што меѓу граѓаните на ЕУ , Македонија и нејзините граѓани мораат да одат само тешко извадена виза. Тие се сериозно незадоволни од својата Влада, кои што не само што ништо не направија за да им го олеснат визниот режим со земјите кои влегоја во зоната Шенгејн, туку доведоа до тоа голем број земји да воведат визи за нашите граѓани. Проблемот со визи го чувствуваат не само граѓаните кои имаат желба и можности да го минат својот годишен одмор во странство или кои сакаат од туристички побуди да посетат некоја земја, туку станува се пактивен за нормалното одвивањето на бизнис комуникацијата помеѓу Македонија и светот. Културната комуникација, студирањето во странство, одржувањето на спортски натпревари, можноста на движењето на работната сила, посети и видување на иселените членови на семејствата, од кои еден или двајца членови веќе со години работат во некоја западна или прекуокенска земја, се примери кои што се многубројни во Република Македонија , примери кои што ги имаат почувствувано многу семејства во нашата земја.

Според статистичките показатели од вкупно 2 милиони жители на Република Македонија над 300 илјади барем еднаш годишно патуваат во земја за која им е потребна виза. Ако се има предвид дека за секоја виза најнискиот износ што го плаќаат граѓаните директно во конзуларните претставништва е околу 25 евра, тогаш станува јасно дека од нивните џебови само под тој основ се одливаат околу 7,5 милиони евра годишно. Бројот на граѓаните кои неможат да добијат виза е исто така голем. Овој број е уште поголем на психолошки план. Според испитувањата на јавното мислење на Македонија, граѓаните на Република Македонија ја оценуваат процедурата и постапката за добивање визи за земјите во кои тие најмногу сакаат да патуваат како крајно фрустирачка и понижувачка. Понижувачка, затоа што одеднаш по долги години слобода за патување без виза со комунистичкиот Југословен пасош во речиси сите земји во светот, сега имаат третман на можни емигранти и претстапници кои се строго чувани во кафезот наречен Македџонија. Фрустрирачки,

затоа што граѓаните на земјите како што се Бугарија и Романија кои долго време беа зад железната завеса, сега можат да патуваат без визи, а за граѓаните на Македонија сега се потребни визи и за Романија и за Словенија и за Чешка и за многу други земји. Ваквата состојба несомнено влијае врз забавувањето на вкупниот економски, политички и културен развој на Македонија и основа за ограничената слобода на движење и комуницирање на граѓаните на Македонија со граѓаните на Европа. Националната гордост на граѓаните во Република Македонија е повредена од фактот, кога веќе го спомнав, односно од тоа што тие во време на мрачниот комунизам како што се нарекува со пасошите на тогашните комунистички земји, каде што можеа да патуваат во многу повеќе земји, а сега во суверена,независна Република Македонија тој број на земји драстично е намален, особено имајќи предвид дека земјите што тогаш важеа за земји на комунистичкиот лагер, дел од нив се веќе во ЕУ, немаат потреба од земање визи за патување било во Западна Европа, било во други прекуокеански земји и се наоѓаат многу понапред на тој план од Република Македонија .

Постојан информации дека голем број граѓани на Република Македонија имаат поднесено барање да станат државјани на други земји. Единствено од причина да нема потреба од вадење визи за земјите на ЕУ и да можат слободно да патуваат и да комуницираат со сите тие земји и со граѓаните кои таму живета. Постојано, овој интерес за добивање на странско државјанство, се зголемува и голем дел од македонски граѓани, веќе имате примери каде што се носители на двојни пасоши, односно стануваат државјани покрај на РМ и на други земји.

Од тука, укинувањето на визите за граѓаните на РМ е и прашање за националната гордост и тоа е точката од која може да почне да се враќа изгубената самодоверба на граѓаните, изгубеното самопочитување, изгубеното време за чекање на визи и изгубените визи.

Истражувањата на експертите од оваа област покажа дека проблемот со визите може да биде ублажен па дури и трајно решен, што значи изземање на Македонија од листата на земји на чии граѓани им се потребни визи за влез во земјите на ЕУ на следниот начин:

Првото прашање на кое што треба да се одговори е зошто ни бараат шенген визи?

1.Затоа што македонските граѓани не поседуваат пасоши на ниво на заштита што ја пропишува ЕУ. Сегашните пасоши мора да се сменат и да имаме таканаречени современи пасоши, какви што имаат останатите вропски зеји, со сите

форми на заштита што ќе бидат валидни за патување во сите земји што не го признаваат сегашниот пасош што ги нема мерките на заштита што се пропишани, согласно стандардите на тие земји.

Македонија тоа може да го направи, на пример можам да спомнам дека Бугарија направи пасоши за своите граѓани што имаат 37-кратна заштита како превентива од нивно можно фалсификување. Меѓутоа, оваа надлежност што ја има Министерството за внатрешни работи сеуште не е реализирана. Министерот за внатрешни работи, до сега не ја информирал јавноста, не знам дали има намера да информира затоа што сега има друга позиција, кога ќе започне и кога ќе заврши овој процес. Поседувањето на супстандардни пасоши ги чини граѓаните на Македонија многу повеќе отколку што би чинела итната замена на овие пасоши.

2. Затоа што  сеуште немаме потпишано договори за реадмисија со сите 15 земји членки на ЕУ. Ова е втора причина зошто на граѓаните на РМ им бараат шенген визи.

Значи, немаме потпишано договори за реадмисија со сите 15 земји членки на ЕУ, вклучувајќи ги Норвешка и Исланд кои се во шенген зоната, но не се земји членки на ЕУ. Ова е процес што трае најмалку една година, што всушност е потребно време за усогласување на текстот на секој договор со секоја земја поодделно. Меѓутоа, со некои имаме договор, но со повеќето немаме.

За да биде појасно, сакам да дадам одговор на прашањето што е тоа договор за реадмисија.

Тоа е договор за преземање на државјани со кои две држави, билатерално се согласуваат без посебни формалности да ги преземат сите свои државјани кои нелегално престојуваат во другата земја. Исто така, земјите се согласуваат да ги преземат државјаните на трети земји кои, при тоа, транзитирале низ било која од нив. Сите држави во Европа кои меѓу себе немаат склучено ваков договор, не можат да ги користат овие безвизни можности за патување.

Исто така, нема никаква опасност дека на овој начин би се вратиле многу државјани кои се во други држави, бидејќи сите тие, во изминативе години, до сега го исполниле условот за стекнување на државјанство на таа земја каде што живеат, што значи дека тие можат да ги користат овие привелегии на патување без визи.

Со кои држави РМ до сега има склучено вакви договори за реадмисија:

Според официјалните податоци на Министерството за надворешни работи од јуни 2003 година, Македонија има склучено договори за реадмисија со Италија во 1997 година, со Швајцарија во 1998 година, Словенија 1999 година, Франција истата

година, во 2002 година со Словачка, во 2003 година со Хрватска. Со Бугарија е склучен, меѓутоа не е влезен во сила, со Република Германија е потпишан во јуни 2002 година но сеуште не е ратификуван, додека со Унгарија е потпишан во 2002 а исто така сеуште не ратификуван.

Во постапка на склучување на договори за реадмисија сме со: Украина, текстот е усогласен во 2001 година и сеуште чека на потпишување, потоа со Романија од март 2000 година кога започнал овој процес, Бенелукс од март 2000, Данска август 2000 година, со Албанија текстот е усогласен во 2001 година и чека на потпишување, со Чешка од февруари 2001 година и Полска од март 2003 година. Меѓутоа, има и држави со кои што допрва треба РМ да ги започне овие преговори за договори за реадмисија.

Секако дека приоритетни во овој правец треба да бидат Шпанија, Португалија, Велика Британија, Ирска, Шведска, Норвешка, Финска, Исланд и Грција. Меѓутоа, исто така приоритетни се и останатите земји со кои што е неопходен реадмисионен договор, а тоа се Полска, Турција, Литванија, Латвија, Естонија, Белорусија, Русија и, како што кажав, останатите земји со кои што сме сеуште во фаза на подготовки на овие договори.

Значи, ако се успее да се реализираат сите овие барања шенген визите нема да ни бидат потребни веќе наредните денови и за нас ќе бидат отворени границите на Романија, на Полска, на Унгарија, на Чешка, Словачка, Словенија, Литванија, Латвија, Естонија, Швајцарија и тн. и тн. Меѓутоа, треба едно да биде јасно, склучувањето на ваквите договори за реадмисија не е во надлежност на Министерството за надворешни работи. Ова е прашање од областа на правдата и миграцијата, граничната контрола и внатрешните работи и затоа нив треба да ги склучи нашето Министерство за внатрешни работи со соодветните колеги од другите земји. Меѓутоа, секако, Министерството за надворешни работи не треба да биде пасивно во овој правец и еве, би му препорачал да преземе најмалку две работи:

Прво, да се обрати со официјално барање до МВР каде што ќе објасни дека е во наш интерес што е можно побрзо завршување на веќе започнатите договори за реадмисија и уште повеќе започнување на преговори за склучување договор за реадмисија со држави кои што ги наведов и целата постапка да се брои во денови, а не во недели или во месеци.

Втората препорака, МНР може да упати официјално барање до Владата на РМ со препорака, заради укинување на визниот режим, Владата на својата наредна седница веднаш да го задолжи Министерството за надворешни работи да започне

итна постапка за склучување договори за реадмисија со сите земји членки на шенген зоната и ЕУ и другите, со кои што е почната постапката.

Значи, доколку РМ целата оваа процедура, за која што кажав дека е потребно време, треба преговори, треба усогласување на текстови, целата процедура доколку РМ сака да трае пократко, тогаш треба да побараме обновување на старите договори за реадмисија што ги имаше склучено Социјалистичка Федеративна Република Југославија во тоа време со тие земји и нивно обновување, со цел веднаш да може да се намали времето за исполнување на условите што треба да ги исполни РМ во овој правец.

Така, како пример за ова би спомнал дека Словенија сеуште го користи бившиот Договор за реадмисија на бившата СФРЈ со Шпанија и во догледно време нема најави дека ќе потпишуваат нов договор. Така Хрватска ги има обновено старите договори за реадмисија на бившата СФРЈ со Бугарија и Турција, согласно со дописот од нивното Министерство за надворешни работи. Јапонија сеуште се држи до стариот Договор со СФРЈ и го применува на сите бивши ЈУ републики. Куба сеуште го почитува стариот Договор со СФРЈ и тој важи за сите ЈУ републики. Еквадор и Тунис исто така. И многу други земји што нема потреба да ги спомнувам. Значи, тие може да ги укинат старите договори, но ние треба да побараме да се обноват повторно и да важат за РМ.

Во меѓувреме, од огромна важност е рализацијата на процесот на склучување на договорите со реадмисија, за што доволно зборував.

И трето, последната причина заради која што ни бараа шенген визи е затоа што немаме обезбедено потребно ниво на контрола на граничните премини, нивно оспособување за издавање визи на самите гранични премини за граѓаните од земјите со кои Македонија нема свое конзуларно претставништво. Оваа обврска е во надлежност на Владата на РМ и МВР.

Значи, ако зборуваме за контрола на граничните премини, ако зборуваме дека овој услов РМ сеуште го нема исполнето, прашање е зошто е тоа така? Дали тоа е во врска со нерешеното прашање на границата на РМ во правец на Косово, по линијата на Косово? Дали се работи за неопременост на нашите гранични премини во однос на технолошки аспект, дали се работи за недоволна кадровска опременост на нашите царински органи? Дали се работи за тоа што приоритетот на Владата не е оспособување на границите и граничните премини, отворање на нови гранични премини, создавање услови за малограничен промет? Сето тоа дали не е приоритет на Владата на РМ и од тие прични ни се случува некој да констатира дека РМ

сеуште не може да врши целосна контрола на своите граници, да има нормален премин на граничните премини согласно стандардите што постојат во ЕУ и дека не може на лице место, на самиот граничен премин да издава визи за лица, на оние граѓани од оние држави со кои што имаме склучено договор за издавање на таков вид визи.

Значи, одговорноста за состојбата во РМ во однос на визниот режим, по однос на вадењето на визи, по однос на одливот на исклучително голем износ на средства од РМ единствено е во оној кој е надлежен за реализација на овие работи, односно тоа е Владата на РМ, МВР, Царинската управа на РМ, МНР во оној дел каде што треба да ги склучи соодветните договори и да помогне во таа комуникација за надминување на тие прашања и, секако, пред се во однос на самата патна исправа што претставува навистина нешто што претставува исклучително само од Владата, односно од МВР. Прашањето на создавање квалитетни патни исправи, соодветно заштитени и поврзување на граничните премини меѓу себе со современа техника и технологија и на тој начин брз проток на информации, на податоци што ќе овозможат во секој момент да се знае кој вглегол, кој излегол, кога влегол, кога излегол од РМ, претставува нешто за што треба да се поведе грижа.

Ние, по пат на оваа информација што ја доставивме до Собранието на РМ сметаме дека Собранието треба да се вклучи во правец на решавање на овие состојби што навистина претставуваат голем товар за граѓаните на РМ, пак ќе спомнам од секаков аспект. Дали се работи за туристички атувања, културни врски, дали се работи за бизнис - релации, дали се работи за патувања од најразличен друг вид, навистина, РМ само со 12-те земји со кои нема визи, претставува кафез од кој граѓаните многу мака треба да истргаат, да вложат многу труд, многу нерви да изгубат за да можат да појдат во било која западноевропска или прекуокеанска земја, па и земјите што не се толку оддалечени од РМ а со кои што, навистина, во претходниот период немало никаков проблем за патуања.

Тоа е резултат, секако и одговорност на Владата на РМ. Меѓутоа, бараме Владата на РМ во рок од 30 дена да изготви и да достави до Собранието на РМ информација за преземените мерки, досегашни во однос на ова прашање и ефектите што се постигнати од тие мерки.

Исто така, бараме од Владата на РМ да изготви работен план за решавање на сите овие три прашања за кои зборував, што се основа за отстранување на шенген визите за граѓаните на РМ.

И, секако, Собранието не треба да се исклучува од разговор по однос на ова прашање. Овие заклучоци што ги предлагаме, барам да бидат доставени до Владата на РМ, а тоа што се бара од Владата да биде повторно доставено до ова Собрание и ние да можеме, врз основа на реални податоци од надлежниот орган, од извршниот орган во РМ, да разговараме на релевантен начин по ова прашање.

Да не бидеме доведени во ситуација во каква што сме, оваа информација, да сзавршам како и што почнав, Владата не се удостои да даде свое мислење, а камо ли да даде поконкретна, поцелосна информација за состојбите во таа област што ќе значи запознавање со народните претставници за ова прашање.

Доколку има одговор на некое пратеничко прашање, тоа е сосема друга работа. Овде зборувам за информација што се однесува на мислење од Владата и податоци што се однесуваат по однос на информацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по однос на ова прашање.

Благодарам многу. Мислам дека со ова што го кажав и со тежината на овој проблем ќе се согласите сите дека сите треба да дадеме свој придонес во надминувањето на овие состојби и во решавањето на проблемите што се јавуваат по однос на исполнување на условите за надминување на проблемот со потребата на визи на граѓаните на РМ, независно за која земја се работи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Збор има пратеникот Славица Станковска. Повелете.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Овде колегата пред малку неколку пати спомна дека немаме информација од Владата. Само за ваша информација, заради информација на граѓаните, таква информација имаме. Очигледно дека пратеникот бил преокупиран со некои други проблеми па многу малку ја следел работата на комисиите на Собранието.

Ние, на Комисијата за надворешна политика на два пати расправавме за оваа иницијатива, односно за барањето а членовите на ВМРО-ДПМНЕ од Владата за состојбата со визниот режим. Јас мислев дека таа расправа ќе заврши на Комисијата за надворешна политика, не заради тоа што сметам дека Парламентот не треба,

како највисок законодавен дом, да расправа за едно вакво суштинско прашање, од причина што на Комисијата за надворешна политика можам да кажам дека со извонредната соработка на ресорните министерства, при секоја ваква иницијатива, без разлика од која страна да доаѓаше, ние имавме комплетни, транспарентни информации од МНР, од МВР и сите субјекти што се вклучени и на некој начин работат за надминување на овие состојби.

Сметам дека, кога генерално се определивме сите, без разлика на партиската определба, позиција или опозиција дека приоритет наш сега ќе биде нешто друго, мислев дека потребно е овие наши седници, време и енергија да го користиме за нешто што ќе биде покорисно за граѓанинот на РМ, за нешто што е наша стратешка цел, а сигурно и за нешто што значи подобрување а стандардот на граѓаните на РМ.

За причините поради кои дојде до воведување на визниот режим, не сакам да говорам колеги, но верувам дека не само нам, туку и на граѓаните на РМ мошне им е јасно. Во едно верувам, сите ќе се сложиме и ќе бидеме единствени, визниот режим не започнува со оваа коалиција, ниту со доаѓањето на оваа власт и оваа Влада на власт. Преамбициозно е да сметаме дека со заминување на оваа Влада ќе го надминеме овој проблем, иако и јас и сите ние би биле многу среќни и задоволни, заради тоа што она што значи технички проблем, надминување на технички проблем зависи и тоа може, ако дадеме, ако си земеме за обврска и да го надминеме.

Кога станува збор за реадмисија, колегата многу убаво што тао значи. Тоа значи дека не сме само ние субјекти од кои зависи надминување на овој проблем. Тоа значи дека е вклучена втора или трета страна , а со тоа сигурно потпишување , припрема, ратификација, бара и некој одреден временски период. Но како и да е која и да е причината за воведување на визниот режим факт е дека последиците сите ги чувствуваме. Сите граѓани тука без исклучок, чувствуваме. Јас само кратко, ќе потенцирам, не сме во можност да ги користиме цивилизациските придобивки. Немаме слободна трговија на трансфер, на стоки на идеи, на материјални добра. Исто така она што веќе го спомна колегата, имаме одлив на огромен број на децизи, а во случај кога не би било, сигурно тие девизи ќе остануваат тука. Во оваа олимписка година, сумата ќе биде и многу позамашна.

Исто така она опасност што веќе беше спомната, нашите граѓани, за жал мора да се декалрираат како граѓани на некоја друга држава, едноставно за да го избегнат визниот режим. Тоа го чувствуваме сите. Но, Владата е свесна и во своето мислење што го дава укажува на оние приоритети што веќе вие ги спомнавте. Тика се патните исправи, поголема контрола, поврзаност на граничните премини и реадмисијата.

Сега јас тука да не импровизирам, ќе го користам токму тоа што го имам од Владата. Вели -Република Македонија досега има ратификувана седум договори за реадмисија кои се во сила и се применуваат, додека три држави од кои две се членки на ЕУ, договорите за реадмисија се потпишани и во тек е постапката за нивно ратификување. Исто така во тек е постапка за усогласување на текстови на договорите за реадмисија, со 6 држави од кои 4 се членки на ЕУ, земји на БЕНЕЛУКС и Данска.

Врз основа на потреба за склучување на договори за реадмисија, со трети држави и приоритетното забрзување на потпишување на вакви договори со земјите од ЕУ, во тек е подготовката на анцрт текст кој наскоро ќе биде доставен до владите на Кралството Шпанија, Португалија, и Обединето кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Кралство Шветска, Финска, Австрија и Грција, заради започнување н апреговори за склучување на договорите. Притоа, сигурно приоритет ќе се даде на земјите кои се членки на Шенген зоната.

Во однос на второто прашање, веќе говоревме . Она што значи патна исправа, се работи на тоа. Но не значи само техничко уредување на патната исправа . Сигурно носење на нови патни исправи се сврзани и со нормативно уредување, а за тој дел ние сме тука и за тој дел ние треба да се погрижиме.

Исто така, по однос на прашањето за гранични премини, тука е меѓу министерската група за управвување со проектот интегрирано гранично управување и тука вели - ја подготви националната стратегија за интегрирано гранично управување што е усвоено од Владата на Република Македонија на 22.12.2003 година и во која ова прашање е посебно третирано.

Со стратегијата се предвидува техничко-технолошко опремување на граничните премини, обука на кадри, воспоставување на интегриран информативен систем ит.н.

Не спорни се активностите што Владата на Република Македонија во овој период ги прави на сите полиња, посебно на меѓународен план и верувам тоа никој не може да го спори. Последица на тоа е апликацијата што ја поднесовме, сигурно и овие активности за зачленување во НАТО.

Кога ја погледнав оваа иницијатива, почитувани колеги , како точка на дневен ред на Собранието на Република Македонија , не можам да не помислам на момент дека тоа е популистичка, а и од она што го кажува Владата, малку повеќе ги надминува сопствените ингиренции, пратеникот односно Парламентот како законодавен дом.

Колегата во два наврати кажа дека тоа е во рамки на одговорноста на Владата, ама и ние како Парламент да се вклучиме. Сега тука исто ќе кажам и на едно укажување, она што значи, како кај нас се дефинира и како кај нас е поделена власта. Вели - ако се имаат предвид уставните одредби за организација и поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, врз основа на кои Собранието на Република Македонија е дефинирано како претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната валст во Република Македонија , а не како орган кој ја утврдува политиката на извршување на законот. Мислам дека малку се претерало со оние заклучоци, обврски и динамика на активности што и се даваат на Владата. Подобро и по корисно и за граѓаните на Република Македонија ќе биде тоа наше време и енергија да го користиме за хармонизација на нашето законодавство за сите да си го најдеме патот, таму каде што го има современиот свет односно да направиме подобар живот за граѓаните на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Станковска.

Ве молам, кој мисли да се пријави за реплика, повелете.

За реплика се јаввуа г-динот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Најпрво би кажал за Комисијата.

Вие велите дека Собранието не треба да расправа, на Комисија сте во разгледување. Јас сега ќе ви прочитам, можам и да ви го дадам ова.

Вели “Ве известувам дека Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија , на седницата одржана на 11 март 2004 година, не расправаше за Информацијата, за ангажираноста на Владата на Република Македонија за укинување на визниот режим за граѓаните на Република Македонија , за земјите од ЕУ, бидејки немаше доставено мислење од Владата на Република Македонија”.

Претседател на Комисијата Јусуф Арифи.

Тоа е официјален документ. Јас зборувам со документи, а не напамет.

Второ, велите дека Собранието имало поважни прашања за разгледување од тоа. Што е поважно од тоа , фирмите, нивнит еменаџери, младите луѓе, носителите на најразлични активности во Република Македонија , кои треба да придонесат за нејзиниот развој, ако не можат да појдат во било која земја, додека не помине

определен временски период, да појдат во амбасади и да чекаат за таа виза, ако им биде дадена. Има ли нешто побитно од тоа да се овозможат деловни контакти со луѓе од тие земји, да се работи на освојување на пазари за нашите фирми и на тој начин да се привлекуваат нови инвеститори. За тоа е потребна комуникација. Меѓутоа таа комуникација не може секогаш да се врши преку телефон.

Велите дека наскоро ќе биде доставен текст на договорот за реадмисија до повеќе земји, дека се работи на квалитетни пасоши, дека има стратегија за интегрирано гранично управување. Кога нешто од тоа ќе биде направено? Тоа е се , нешто ќе биде. Јас прашувам за рокови. Дали има некаков акционен план. Тоа го бараме од Валдата, да ни достави план на активности и да знаеме дека ќе преземе одредена обврска, а не само да ја преземе туку за одреден временски период да ја реализира. Преку глава им е и на граѓаните и на нас тука од лажни ветувања. Дајте да работиме рационално и квалитетно.

За тоа зошто расправа Собранието по ова прашање, јас ќе ве потсетам дека Собранието е највисок законодавен дом во Република Македонија , таква е неговата уставна позиција. А тоа дека е сведено во инструмент за изгласување на сите предлози на Владата, за тоа треба да размислува оној кој има мнозинство во ова Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојаноски.

Една минута реплика има госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Колега Стојаноски би ве замолила да не ги извртувате тезите. Јас не реков дека штети нема и дека нив ги трпат и младите и возрасните и сите граѓани на Република Македонија . Јас како граѓанин сум за што побрзо надминување на оваа состојба.

Тоа што го прочитавте од Комисијата за надворешна политика тоа е по Информацијата. Но за ваша информација ќе ви кажам дека Комисијата за надворешна политика имаше тематска седница на која ресорните министерства целосно не информираа за сите активности што се преземени во сферата на патни исправи, во сферата на реадмисија и за поврзување и контрола на граничните премини. Ќе ве молам, ако во претходни 4 години вие бевте на власт и нито од сето

тоа не направивте, барем од технички аспект, не барајте вие само за годинаипол некој да направи се она што вие го пропуштивте.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има госпоѓа Теута Арифи.

ТЕУРА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

За да се биде коректен и за да се дискутира вов рска со ова прашање, во прв ред сакам да бидеме коректни, што се однесува до податоците кога е дискутирано, како се дискутирало во Комисијата за надворешна политика, што се однесува до прашањето на визниот режим.

За прв пат Комисијата за надворешна политика за прашањата на визниот режим на граѓаните на Република Македонија , со државите на ЕУ и со шенген државите, на 27 октомври 2003 година. Јас верувам дека предлагачите, тие кои ја предложиле оваа информација која денес ја имаме на дневен ред, ги анализирале заклучоците кои се донесени на оваа тематска седница на Комисијата и истовремено сите информации кои се претставени пред Комисиајта од страна на претставниците на МНР, МВР, како и од претставниците на невладината организација Македонија без шенген.

Во овие заклучоци на јасен начин ние уште еднаш сме го подвлекле значењето да се преземат сите мерки, сите потребни активности од страна на Владата и од страна на сите потребни субјекти за олеснување и либерализација и на крај за потполно отстранвуање на визниот режим што го имаат граѓаните на Република Македонија со државите членки на ЕУ, меѓутоа и со државите членки на шенген договорот. Во оваа прилика навистина сме ја подвлекле големата битност на тоа Македонија да ги интензивира сите ангажмани за реализирање на обврските кои ги има за постигнување на либерализирање на визниот режим.

Заклучоците кои произлегле од оваа дискусија во која учествувале сите членови на Комисијата од опозицијата и позицијата, во секој случај имајки го предвид интересот на граѓаните на Република Македонија кои се упатиле кон институциите. Истовремено сме побарале брзо интервенирање и информирање за сите овие активности на владините институции.

За да бидеме правични до крај и за информацијата што ја претставувате вие овде и за која велите дека не дискутирала Комисијата, дозволете да ви кажам дека

Комисијата за надворешна политика на седницата одржана на 27 јануари 2004 година имала ваква тема како втора точка од дневниот ред. Во дискусијата која се развила во рамките на Комисија. Информацијата можете да ја најдете во службите во Архивата на Собранието на Република Македонија. Всушност мнозинството членови гласало оваа Информација да не излезе на пленарна седница.

Третиот документ кој овде беше претставен е документот за не дискутирање за ова прашање од причина што после двапати дискутирање за ова прашање во Комисијата, Комисијата констатирала дека сепак оваа тема веќе е дискутирана во Комисијата. Тоа е што се однесува до активностите во рамките на Комисијата за надворешна политика и во рамките на тоа што ние се придржуваме на начелото, сите овие теми по однос на прашањето за статусот и прашањето на граѓаните кои повеќе од се заслужуваат да можат да комуницираат со државите на ЕУ, ќе бидат постојани теми на нашиот интерес, а верувами на општиот интерес.

Сега дозволете да се навратам на две прашања за кои јас мислам дека се значајни, кога говориме за визниот режим.

Првото прашање е по однос на фактот да се има или да се нема визен режим со определена група на држави е прашање на двострана желба и воља, а не прашање на еднострана воља. За жал државите на Западен Балкан, исклучувајки ја Хрватска се во визем режим со Шенген државите затоа што имале тешка транзиција во последните 10 години, што следеше со еден ваков визен режим, за жал. Затоа и политиката на европските држави е полиитка која е по рестриктивна кон граѓаните на овие држави. Во рамките на сите активности и лобирањето што го преземала Комисијата за надворешна политика, каде учествувале и членовите на опозицијата и позицијата, на сите средби што се развиле во Даблин, Берлин и во другите градови и држави ние сме побарале од нашите парламентарни колеги, од државите од ЕУ, да се ангажираат исто како и ние за либерализација на визниот режим, аргументирајки и велејки , ако сакаме да бидеме дел од интегрирана Европа, граѓаните на оваа држава треба да имаат можност да ги запознаат европските вредности. Можам да кажам дека сме наишле на ваква волја, меѓутоа постапките и процедурите, секако се тешки.

Тоа што посебно е важно да се подвлече е фактот дека ние треба да посегнеме да изградиме уште поголема политичка стабилност за која во последната годинаипол сме ја постигнале донекаде и сме добиле позитивни поени во тој правец. Меѓутоа општите околности, регионални околности, нивото на стабилноста и понатаму треба да се развива и да се постигне една либерализација на визите.

Секако тоа што е значајно ние ако Парламент да продолжиме, да инсистираме, договорите за реадмисија да се склучат со сите држави на Европа, посебно со државите на Шенген спогодбата,

Што се однесува до патнит еисправи, мојата последна информација говори дека Владата постигнала и донела еден заклучок според кој , заклучок на Владата е да се отпочнат сите процедури за издавање на нови патни исправи кои ќе имаат елементи на податоци кои ќе бидат биометриски, според европски стандарди. Јас сум пвоеќе од убедена дека , и кога ќе ги исполниме техничките елементи кои се потребни за оттргнување на визниот режим, како што е квалитетот на патните исправи, договори за реадмисија и одбрана на границите, јас мислам дека одлуката на Шенген државите за оттргнување на визниот режим ќе биде политичка одлука,одлука која ќе измери колку постигнале да изградат европски менталитет овие држави, колку постигнале да изградат европски менталитет партиите на позицијата и опозицијата, во овие држави, колку постигнале да изградат европски менталитет граѓаните на тие држави кои претендираат да бидат европски и колку станале Европа овие држави. Затоа мислам  дека тоа е една општа одговорност на сите нас за која треба да работиме сите заедно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јавува г-динот Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Прво, околу комиисјата за надворешна политика.

Јас сум задоволен што Комисијата за надворешна  политика ја третирала оваа тема. Меѓутоа, факт е дека по однос на точката на  дневниот ред што ја имаме денес, ние немаме добиено мислење на Владата, дали таа планира да направи нешто во поглед на оние заклучоци што ги  имаме предложено во таа Информација. Значи мислењето на Владата се однесуваше по однс на тоа прашање.

Втора работа, јас би ја прашал колешката што подразбира под терминот тешка транзиција штоја немаше Република Хрватска, на пример, а ја имаат земјите од Западен Балкан. И , ако добро разбрав тешката транзиција е виновник за визниот статус односно визниот режим што го има Република Македонија со другите земји.

Трета работа, јас се согласувам дека конечната одлука за укинување, или за приклучување кон ослободување од визните бариери, ќе бид еполитичка одлука. Меѓутоа, ние не сме ни далеку стигнати до тоа да стане збор за таква политичка

одлука, затоа што како што и самите кажавте, за да се дојде до политичка одлука, претходно треба да бидат исполнети условите околу реадмисијата, околу контролата на границите и третиот услов кој се однесуваше на квалитетот на пасошите. Сите тие работи ние ги немаме направено. Немаме план, динамика на реализација на овие активности и од тие причини бараме тука како Собрание, како парламентарци, да добиеме реален план на активности на Владата на Република Македонија . Ние сме свесни дека таа не може да каже за еден месец го склучувам договорот за реадмисија со таа и таа земја. Меѓутоа, кој е планот, кој е тој акционен план кој треба да се реализира кои се временските аспекти на тој план и на кој начин ние можеме да очекуваме и кога , реализација, за надминување на оваа ситуација во која се наоѓа Република Македонија , а верувајте преполни се граѓаните со фрустрации. За една банална работа , да појде граѓанин од Битола до Лерин, 50 км. да помине, затоа што ако се јави сега по телефон во Грчка амбасада, треба да закаже за во септември месец за добивање на виза. Тоа е реален проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колешки и колелги пратеници,

Очигледно мајстори сме да ја извртуваме вистината, да во нерационални и долги дискусии го трошиме и трпението и средствата што граѓаните ги плаќаат во Буџетот на Република Македонија. Неможеме да прочитаме тоа што пишува, ниту сакаме да признаеме тоа што го кажуваат сите и со тој факт сите овие 14 години на политичкиот плурализам во Македонија се среќаваме и тука не е ништо ново и тука не помага ништо.

Без разлика што и Владата дала мислење по повод точката и Комисијата за европски прашања разговарала, опозицијата ќе рече дека не разговарала и сега тука можеме да го дискутираме тоа со денови, ама ќе си останат сите на своите позиции. Во интерес на јавноста јас уште еднаш кратка репроспектива ќе дадам иако госпоѓа Теута Арифи и Славица Станковска добро објаснија повеќе работи што сакав да ги кажам.

Првата ваква иницијатива група на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, се извинувам да не ме искараат, нема од Либаралната партија, ја дадоа на 25 декември. Тогаш и расправаше и Комисијата за европски прашања и беше констатирано она што сите

го знаеме, а го знаете и вие дека за носење на закони е надлежно Собранието.
За динамиката, за техничката имплементација на одредени закони тоа е во надлежност на Владата и тука исто можеме да дебатираме ама знаете дека не сте во право. И бидејќи потрошивте илјадници евра со секојдневни огласи, после одбивањето да дојде оваа точка на дневен ред, вие повторно продолживте, и за да ви заштедиме пари, со кои пари сигурно ќе набавевте едно илјадници визи и ќе помогневте.

Се решив на ова точка да биде на собраниска расправа и ви тврдам дека не е место овде да разговараме за ова, повторно ќе ви кажам. Но, кога е веќе точката тука, имаме мислење од Владата, бидејќи вие се служите со практични методи, еве да погледнете мислењето од Владата и имате мислење од Комисијата за европски прашања, дозволете и јас да дадам некој коментар. Се разбира потсетувајќи на уште една работа, партиите одат на избори за да победат, кога ќе победат на избори си формираат Влада и таа влада носи закони во согласност со парламентарното мнозинство. Во некоја имагинарна земја во која вие сакате да живеете таму опозицијата гласа за законите на Владата, парламентарното мнозинство ги одбива. Јас незнам која е таа земја. Можеби вашиот почесен претседател се наоѓа во таа земја, бидејќи никој не знае каде е.

Уште еднаш да повторам обид за повторна манипулација на граѓаните на Република Македонија и играње со чувствата, бидејќи ова е болна работа за сите нас. Сите сме незадоволни од технологијата и процесот на одвивање на постапката за визи. Но, тоа е реалност во која Владата прави голем ангажман за кој вие не сакате да поверувате дека тоа се случува.

Еве неколку акценти кои сакам да ги кажам.

Прво, сакате да наметнете еден стереотип што постои дека само доколку ги исполниме овие три услови ќе ги укинат Шенген визите. Не. Напротив, не се само овие три услови што треба да се исполнат за да можеме  влеземе во процесот на либерализација и евентуално   укинување на визниот режим. Иако вие во однос на точката од дневниот ред зборувте само за Европската Унија, така гласи, да ве потсетам, вие зборувавте и за Јапан и за други земји, дали знаете дека жителите на европските земји плаќаат виза кога одат во Америка, тоа како информација е згодно да ја кажете, да видиме дали во тие 300.000 па множевте со некои бројки дали е навистина таа бројка или распределбата е поинаква.

Значи, не само овие три точки се дел од процесот на либерализација и евентуално укинување на визниот режим. Потребни се низа други закони, некои од

нив сме ги донеле како Законот за азил, Законот за движење и престој на странци, цела законска рамка на закони што треба да ги направиме во борба против корупцијата и организираниот криминал која ќе овозможи ефикасна борба против ова зло на кое треба да работиме. Јас утринава реков, кога зборував за менување на деловникот и Уставот, како што дискутиравме по првата точка, нам ни треба ефикасно Собрание, нам ни треба квалитетно Собрание, јалови дискусии никако нема да не однесат ниту во Европа ниту ќе ни го олеснат патот во процесот на хармонизација кон европското законодавство. Затоа се залагам и за пократки дискусии не да ја укинам или да забранам нешто да се зборува, напротив, туку да го правиме она што е наша задача како законодавен дом да ги донесеме потребните закони во процесот на хармонизација и приближување кон Европа, иако Шенгенскиот визен режим има своја логика и динамика во уживањето на Европската Унија и тој не е измислен за Македонија. Да не создаваме погрешна слика и стереотип кон граѓаните дека само ние боледуваме од тоа или само за нас е измислено. Тоа е измислено за многу други работи, вие добро елабориравте, само мислам дека не е Мастрих, туку е Амстердам договорот каде се менуваат одредбите од првата и третата група на функции во рамките на Шенгенскиот визен режим. Тој се укинува само кога ќе дојдете во последната фаза од приближувањето кон ЕУ. Значи, да демантирам уште еден стереотип дека не е само кој ќе ги исполнува овие три услови за нас ќе биде укинат, не, напротив, туку многу други услови треба да бидат исполнети за да можеме да влеземе во таа завршна група, па да ја земеме Бугарија за пример дека се укинала. Таа е укината во последната фаза откако има завршено редица други работи.

Конечно кон трите точки за кои зборувавте, не сакам да зборувам за првата, доста беше кажано и во вашата информација се бара ништо не е конратикторно, тука исто настапивте како човек од Министерството за надворешни работи, ја кажавте дефиницијата што значи тоа, со кои земји сме склучиле, со кои сме во преговори со кои треба да склучиме. Тука немаме дилема. Тоа што кажавте тоа е факт инаку очигледно Владата работи, а како што кажа госпоѓа Станковска да потпишете некој договор, треба некој од другата страна. Реадмисијата можеби не е приоритет за земјите од Бенелукс, за нас да, тие имаат свои проблеми и во нивното собрание си работат други закони. Унгарија кога влегла во процесот на хармонизација со 120 илјади страници што треба да ги преведе, бидејќи тие што важат за Унгарија важат и за Македонија, не им е приоритет реадмисијата со Македонија, туку им е приоритет исполнувањето на законите во процесот на

хармонизација и затоа ја скратиле дискусијата за секоја точка по 10 минути, а не дека за да ја замолчат опозицијата.

Втора работа се пасошите. Најмалку можете да зборувате за пасошите. Се обидовте, ја потврдивте приказната дека сиромашиот два пати плаќа. Се обидовте пасошите да ги решите со Спортско тутунска приватна компанија од Бугарија. Таа ја набав опремата за патните исправи и ние како држава моравме да платиме огромни пенали према реномираната компанија затоа што некој сакаше да ја прескокне процедурата. Тие што се поупатени знаат, тоа е процес што не може да се случи преку ноќ. Значи и информациониот систем и набавката на опрема и целиот тој процес на компоненти што се потреби трае нешто подолго. Не е тоа преку ноќ ајде ќе потпишеме договор и за 35 милиони евра, повторно кажувам со Спотско тутунска фирма од Бугарија и покрај тоа што има крупни компании кои беа пријавени на тендер, мислиме дека ќе ја завршиме работата. Тој што ви фали таму во клупата прашајте го зошто е така потпишано.

Без разлика што ние на следната точка од дневниот ред носењето на закон за измени на Законот за патни исправи, без разлика што пишува во информацијата од 10 април дека во образложението на носење на законот е една од компонентите за поквалитетна изработка на пасош и патни исправи што ќе ни служат во процесот на приближување кон Европа за нас тоа не е битно. Вие тоа не го читате. Вие сакате да го кажете тоа што  ги боли граѓаните на Република Македонија, а тоа е дека чекаат за виза и треба да платат пари.

Да не се залажуваме тој процес очигледно трае и тој услов како и првиот, Владата го извршува сосема коректно и ќе почекаме колку ефикасно ќе го направи и оваа информација има смисла да ја дадеме на почетокот на 2005 година да видиме дали она што го донела како програма ќе го оствари во текот на 2004 година.

Третиот услов, секојдневно читаме за воведување на контрола на граничните премини и воведување на информатичка опрема, мониторинг систем, се во процес на дел од преземените активности за поголема контрола на границите. Значи, тртиот услов што го барате е во тек, го следиме, покрај тоа да ве потсетам дела од контролата на граничната полиција е преземена од страна на МВР, сериозна активност која во соработка со Мисијата ПРОКСИМА, договор кој ова Собрание го има ратификувано и за кого сме се определиле и гласале овде.

Она што не беше кажано, еве да го резимирам на крај, не само овие три работи има низа активности што треба да се завршат, но има низа активности што Владата ги прави и тоа изработена е национална стратегија за интегрирано

гранично управување и започна да функционира спомнатата гранична полиција со предвидената динамика, со план на активности и се што е потребно, тој план можете да го видите во таа Национална стратегија на интегрираното гранично управување, ако сакате.

Од јануари оваа година визите за влез на странски државјани се издаваат само во македонските дипломатско конзуларни претставништва, значи престанува делењето на визи на граничните премини што е нешто што е барано од нас, а во функција на обезбедување на поголема контрола на влез и излез од земјата.

Во Министерството за надворешни работи е формирана Канцеларија за информирање на нашите граѓани за се што е во врска со визниот режим, Владата има свој акционен план и е тоа потврден во Извештајот за стабилизација и асоцијација дека се направени позитивни промени во тој правец за што имаме позитивни оценки дека Владата презела до крајот на 2004 година воведување на сигурна статистика за издадените визи особено за одбиените баратели, воспоставување на централна база на податоци и мрежно поврзување на министерствата за внатрешни работи и граничните премини како и комуникациската врска со конзуларните претставништва, поедноставување и унапредување на процедурите за издавање на визи и тн., да не го одземам вашето време.

Значи и покрај тоа мислам дека Собранието си има свои надлежности кои влегуваат во надлежностите на Владата која треба да го имплементира, ако сакате и технички. Можеме да зборуваме, но да зборуваме со факти и она што е реалност во нашата земја очигледно по сите три точки што ги барате Владата си има свои активности, тие се очигледни и кој сака да ги прифати добро, кој не, тоа е нивна политичка определба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Макрадули.

5 секунди за пријавување на реплики.

Последна се пријави госпоѓа Којзеклиска. Значи кога ќе стигнам до вас, нема повеќе реплики.

Повелете господине Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, ќе ве замолам врз основа на кој член од Деловникот ги изведувате овие 5 секунди за пријавување, 3 секунди за мислење и да ве прашам колку секунди имаме право да се пријавиме за дискусија?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски минатиот пат објаснив, ова беше да ви укажам дека не прифаќам пријавување на реплика откако ќе почне репликата, бидејќи тогаш се реплики на реплики. Затоа најавувам, а тоа ќе го внесеме во Деловникот, добро ме потсетивте.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дали сега имам право да се пријавам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немате право. Имате право се додека не почне првата реплика, имате право да се пријавите.

Повелете господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Прво во однос  на позицијата на Собранието ако незнаете да ве потсетам дека Собранието е тоа што ја избира Владата, а ние бевме сведоци во досегашното работење на Собранието каде еден министер кажуваше како треба да се стегнат зелените копчиња од страна на пратениците и ако тоа претставува контрола на законодавната власт и извршната власт тогаш навистина еве јас сум во криво. Меѓутоа по сето она што го зборувате и она што го бараме ние можам да заклучам само едно. Дека процесот за кој што разговараме, динимиката на тој процес, активностите, реалните потреби за надминување на визниот режим кој што го има Република Македонија, не претставува ништо друго туку само одолговлекување на тоа прашање и стално кажување едно те исто, односно тоа ќе биде направено. Јас дојдов до еден заклучок по се она што го кажавте дека најкраток пат до граѓаните како порака што беше испратено за добивање, за можност за патување без визи е сепак добивање на некое државјанство кое што нема визен режим со другите земји, отколку чекањето да се види кога ќе може да се утврди визниот режим во Република Македонија.Јас сметам дека сите овие прашања треба да бидат временски лимитирани, дефинирани. За тоа разговараме. Не е спортно она што треба да се направи. Спорно е кога тоа да се направи и со каква динамика. Освен она што не зависи од нас како држава, се разбира.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во ниеден момент не реков дека решение треба да се бара во земање на друго државјанство, али реков ако ги намалиме овие нерационални точки тогаш ќе дојдевме на ред да се точката за Законот за изменување за патните исправи на државјаните на Република Македонија и согласно овој закон ќе можевме да влеземе во процесот на изработка на новите патни исправи. Но ние сакаме да се занимаваме со нафтениот бизнис, сакаме да се занимаваме со загадувањето, сакаме да се занимаваме со манипулацијата на граѓаните со теми кои се лесно податливи за политички маркетинг. Кога сакаме и треба да работиме за некој конкретни работи тогаш немаме време или не сме тука во салата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски вие сте на ред, 3 минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Вака колку што разбрав пораките сега, веќе незнам што е Парламентот, се кажува дека извештајот од Владата дека тоа е се, дека Владата ги донесува законите тие аминуваат. Јас пак помислив дека мислите.

Велите дека ова е играње со чувставата на граѓаните и се злоупотребуваат чувствата на граѓаните. Во меѓувреме реалноста покажува повеќе од 400.000 невработени, падот на производството е повеќе од 45%, носите закони за кризи и така натаму. Но тоа е чувствата на граѓаните и реалноста.

За трошење на пари во Парламентот, закажувате комисии каде што треба да бидете присутни за време на изборите и ниеден од вас господа од позицијата не беше присутен на ниедна комисија. Сите тие комисии се одложија. Зошто и како ќе треба да му кажете на граѓаните. Вие бевте горд што како опозиција се боревте лавовски повеќе од две недели да не се продаде Електростопанство на Македонија, сега сте уште погорд  што го продадовте Електростопанство на Македонија. Но сега сте вие позиција. И време е да ги платите пеналите. Точно. Затоа што на тендери

кои што вие ги распишувавте господа отпаднаа еден Сименс, еден АЕГ, а доби една кинеска фирма ГГ фирма која што отпадна а која што треба понатаму да го гради и да го обезбедува “Козјак” и се она што треба да ни донеси како опрема. Затоа господине Макрадули време е да се демантирате самиот себе и доста со демагогии, почнете да работите нешто, две години поминаа, доста беше ова, доста беше она, кажете дали можете нешто да направите и дали како парламентарци имаме сила тука да направиме нешто. Ако сите чекаме на Владата, Владата гледаме какви закони и ветувања носи, тогаш не сме направиле ништо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Повеќе процедурално би кажал. Почитуван претседателе, ова не беше реплика, ова беше дискусија во однос на 17 претходни седници. Очигледно господинот Мавровски е зафатен со внатрепартиски борби и немам тука коментар.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, ова беше конкретно реплика бидејќи вие во вашиот говор зборувавте за неефикасно трошење на пари, а тој дава примери како другата страна неефикасно троши пари.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор процедурално)

Немате право.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

(Реакција на пратеникот Спиро Мавровски)

Добро ме потсетивте. Ве молам, внатрепартиските проблеми да ги оставиме надвор од Парламентот и од опозицијата и од позицијата. Јас тоа нема да го дозволам. На изборите се гледа која партија е подобра, се добиваат избори и таму ќе се видиме. Ве молам, не навивам за никого, сакаме да донесуваме закони, секој си има свои проблеми, ние имаме овде наши проблеми и треба закони да носиме.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За да не ви одземам многу од времето, само нешто ќе кажам. Денес бевме сведоци почитуван претседателе дека господинот Јани Макрадули знае се. Зошто тогаш ни треба Влада, Собрание, Судство и тн.

И да го потсетам господинот Макрадули, имаше некогаш една фирма што се викаше Завод на унапредување на стопанството ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, ве молам реплицирајте на ставовите.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За ставовите и за пасошите. Имаше една фирма ЗУС, имаше еден министер за внатрешни работи господинто Љубомир Фрчковски и имаше .. и тн. Знае господинот Макрадули добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, една минута котра реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам колешке пратеник. Да, јас знам се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, повелете, вие имате реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас, претседателе, размислував дали воопшто да се јавам за реплика. Сакам да кажам дека повеќе тоа го направив од некој инает кон вас заради тоа што ограничувате секунди.

Но навистина, кога зборува господинот Макрадули не може да се остане без реплика. Господине Макрадули, во природата постои едно животно кое се вика камелеон, значи животното ги менува боите според условите на средината. Не, не е тоа навреда.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, ве молам..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакам да кажам дека се прилагодуваат повеќе кон природата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, да бидеме пристојни. Господинот Макрадули воопшто не користеше такви зборови.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ама вие не знаете што сакам да кажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас веќе слушнав што рековте.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакам да кажам, кога беше господинот Макрадули во опозиција, вакви точки за кои сега нас не критикува дека ја замајуваме јавноста и само одземаме време во Парламентот, беа многу чести и се дискутирало по 5 - 10 дена, па никој од нас не правеше проблем. Дури, ни седници не почнуваа заради дневен ред. Тогаш немаше став господинот Макрадули да каже дека со тоа Парламентот не е ефикасен и ја замајуваме јавноста. Сега, кога сте во власт зборувате за нас. Не мислев да навредам, но сакам само да кажам дека и ние ги менуваме боите како вас кога сме во позиција или опозиција. Тоа е проблемот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Макрадули, повелете.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господине Караџоски, вие ги менувате боите кога сте во опозиција цело време. Примерот за животното што го кажавте - погледнете околу себе, ќе најдете 10-тина такви. Не можете да одлучите со кои побрзо сте, де со едниот, де со другиот. Тие карактеристики одговараат на тоа животно. Свртете се околу, само не ви се сите дојдени.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршивме со реплики и со оваа, интересна за граѓаните расправа.

Повелете господине Џевдет Насуфи, вие имате збор, а нека се подготви господинот Исни Шаќири.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ви благодарам господине претседател,

Вистина е дека оваа точка од дневен ред, која е од посебен интерес за граѓаните на Република Македонија заради фактот  и оценката, кога одиш во амбасадите во Скопје и ќе го видиш редот на граѓаните кои чекаат визи за патување. За жал, слушајќи ги претставниците на позицијата, особено на координаторот Макрадули и на госпоѓата Теута Арифи, се добива впечаток дека во оваа област

Македонија го има регулирано прашањето до една перфекција. Велам за жал, продолжува мегаломанијата на пофалбите, самопофалби или на некој начин релативизирање на релациите со Меѓународната заедница во областа на режимот на визите. Сите сме сведоци за фактот дека системот на визи на граничниот премин за граѓаните на Македонија секојдневно се отежнува, но не дека се олеснува работата. При тоа мислам, доколку се продолжи на овој начин да се работи во оваа област, мислам дека наскоро визен режим ќе воспостават и државите во кои сега одиме без овој проблем, како што се Бугарија, Албанија и други земји, да не ги набројувам. Јас мислам дека реамисијата или системот на контрола има посебно значење за измената на системот на визниот режим. Но, мислам дека ова не е главниот проблем. По мое мислење, ние не зборуваме за големи прашања кои детерминираат визниот режим, а тоа се политичките реформи, тоа е развојот и економската добробит, тоа се меѓуетничките односи во Македонија. Ве молам, како мислиме дека правиме позитивни чекори во оваа област, кога последните оценки токму на Европската унија, а посебно и на Американскиот Стејтдепартмент и на невладините организации е дека корупцијата функционира и судскиот систем е на многу ниско ниво. Ова се службени официјални оценки. Но, истовремено како може Македонија да направи одлучувачки чекор за да го промени овој систем на визи, кога сите знаете дека помина една фаза на испитот на демократијата со негативна оценка, како што беа претседателските избори, бидејќи и официјалните оценки, внатре и надвор се дека тука имаше не само кражба, туку и подлабоки манипулации. Затоа, мислам дека во областа на политичкиот систем се далеку од тоа да влијаат кај меѓународните партнери, меѓународните институции и развиените демократски држави за да го изменат овој ситем на визи кон Македонија и граѓаните на Република Македонија.

Повторно мислам дека ние, Владата не се оддалечува од стариот начин на работење и со формални изјави настојува да ја измени реалната состојба. Не можеме да бидеме задоволни и нема напредок во меѓуетничките односи и во областа на спроведувањето на Охридскиот договор, кога на деформиран и крут начин ги носиме законите во поглед на имплементацијата или во поглед на имплементацијата на потпишаните и постигнати договори меѓу заедниците во Република Македонија. Мислам дека во оваа насока Охридскиот договор во областа на јазикот и презентирањето на администрацијата, во областа на севкупните реформи во јавната администрација не е во согласност со напредокот на системот на визниот режим или во корист на граѓаните на Република Македонија. Кога

зборуваме за економската состојба и економскиот развој и движењата во оваа област, имаме еден рапиден застој на економскиот развој. Имаме една ссиромаштија, се намалува стандардот на граѓаните и се плашам ако Европа и другите држави го изменат визниот режим кон Македонија, Македонија ќе остане без граѓани, бидејќи тешко граѓаните на Македонија ќе прифатат да живеат во вакви услови на економскиот развој.

Затоа и во Владата и опозицијата во овој случај, како и другите структури и установи, реално треба да се занимаваме со проблемот на измена на визниот режим. Но, визниот режим е само една последица на севкупната состојба во земјата. Тоа е резултат на севкупната состојба во сите овие области кои ги нагласив. Тоа не може да се гледа надвор од овие области.

Ви благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Повелете господине Шаќири, имате збор.

ИСНИ ШАКИРИ:

Ви благодарам господине претседател,

Ние дискутираме за едно прашање кое е чувствително и мислам дека предизвикува голем интерес кај една категорија граѓани на Република Македонија. Со самиот факт дека тие се соочуваат со тешки социјални проблеми, дел од нив имаат потреба и право на движење, па и за излез кон државите членки на Европската унија. Меѓутоа, за жал, оваа состојба за која дискутираме денес не датира од денес или од вчера, туку таа состојба трае повеќе години наназад. Со жалење констатирам дека дел од пратениците мислат дека целата вина лежи кај Владата на Република Македонија. Самата Влада е незаинтересирана да го укине визниот режим како оваа така и претходната не работеше во насока граѓаните на Македонија да го имаат правото да ги користат патните исправи за патување во сите земји членки на Европската унија.

Ова, почитувани пратеници, не е така, ние  во овие моменти не треба да правиме едно вакво маневрирање и измама кон граѓаните на Република Македонија, самиот факт дека некој размислува дека со отворањето на ваква дебата ќе може да се постигне нешто. Јас сум уверен дека ние не сме тие што можеме да одлучиме за вакво прашање. Ние немаме сила да влијаеме ова прашање да се

реши. Затоа, отворањето на ваква дебата ми се чини малку несериозно, би го нарекол и губење на време. Ваквата традиција не е нова, ние многу често како Парламент сме губеле време на прашања кои немаат значење. И покрај се, јас се вклучив во оваа дебата, можеби ќе бидам дел од оние ги дискутираа и учесник во една непотребна дебата. Зошто се пријавив кога и самиот ја критикувам оваа појава? Се вклучив во дебатата имајќи го предвид фактот дека една категорија на пратеници се обидуваат да дискутираат се со цел вината да ја префрлат на друго место. Во дискусиите се истакнаа некои работи, вистина е за да се реализира и да се има успешни резултати во однос на оваа област, треба претходно да се соочиме и да надминеме одредени проблеми кои се многу сериозни за Република Македонија. Некој ги спомна реформите, било да се економски, политички и многу други прашања кои се поврзуваат со овој процес и со визниот режим.

Предлагачите на оваа точка на дневен ред мислам дека не требаше да покренат една ваква дебата околу едно вакво прашање кога знаеме дека резултатите од една таква дебата се еднакви на нула. Затоа треба секогаш да инсистираме да отвораме дебати околу прашања за кои мислиме дека постои расположение кај поголем број пратеници дека можеби ќе се постигне нешто со една таква дебата.

Во оваа насока, јас од самиот почеток кога почна дебатата бев свесен дека тука се игра една игра само да се воведе една забуна кај граѓаните на Република Македонија кои го чувствуваат овој проблем. Таа категорија е составена пред се од социјални случаи.

На крај ќе завршам со еден апел кон сите, добро е како најголем законодавен дом, како претставници на граѓаните на Република Македонија да бидеме многу посериозни кога на дневен ред имаме точки кои се однесуваат на вкупните интереси на граѓаните, а посебно категорија на луѓе кои се соочуваат со тешка состојба и да не ги збуниме и измамиме дека фактички има можност да се укинат визите, меѓутоа, тоа не можеме да го направиме ние, дека треба постојано да работиме, да ја надминеме тешката ситуација, дека сите сугестии кои доаѓаат од Брисел ние треба да работиме во таа насока, како Парламент и како Влада и други институции и еден ден визите ќе се укинат сами, но не со некоја одлука или сугестија од Парламентот на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Шаќири.

Реплика за господинот Блаже Стојановски, повелете, три минути.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ретко се случува во Парламентот некој да се јави за збор и да каже дека дебатата е непотребна и дека резултатите од таа дебата се еднакви на нула. Тоа го кажа претходниот пратеник и мисласм дека со тоа ги девалвира сите дискусии, на сите дискутанти до сега и ако секој од нас смета дека нешто не му оди во прилог, а се става на дневен ред, или не сака да разговара на таа тема, тогаш не мора ни да го прави тоа, меѓутоа, не мора да ги девалвира останатите пратеници кои дискутираа по тоа прашање.

Меѓутоа, дека има потреба од оваа дебата, јас ќе аргументирам со следното. Над 300.000 граѓани на Република Македонија годишно барем еднаш патуваат во земја каде им е потребна виза. За секоја виза плаќаат најмалку 25 евра. Годишно трошат за виза над 7,5 милиони евра. Да не зборуваме колку нервози има тука, колку има изгубено време, колку бизниси пропаднале, колку проблеми имаат спортските клубови, спортистите, колку имаат проблемите студентите, колку имаат проблеми оние што имаат роднини во тие земји каде им е потребна виза и колку имаат проблеми оние семејства во Република Македонија кои немаат средства и немаат време за чекање за добивање виза. Ако ова е мал аргумент за да се разговара во највисокиот законодавен дом во Република Македонија по ова прашање, тогаш јас сметам дека овој Парламент навистина ќе биде девалвиран и ќе нема функција онаква каква што заслужува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Шаќири, една минута.

ИСНИ ШАЌИРИ:

Од почетокот на мојата дискусија реков, доколку имавме можност да го постигнеме тоа за што разговараме денес, тогаш се поставува прашањето зошто не сме го направиле тоа денес, односно сме направиле една голема грешка по однос на сите луѓе, категоријата луѓе кои ги спомна господинот Блаже Стојановски.

Јас повторно ќе кажам и стојам на тоа што го кажувам дека оваа дебата околу ова прашање ќе заврши со резултат еднаков на нула, затоа што ние не сме таа сила која ќе ја измени оваа ситуација со ваквите наши дебати.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоѓа Ивановска, а нека се подготви господинот пратеник Слободан Даневски.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Најнапред да ви посакам добредојде од Стразбур и што дојдовте да ја водите сесијата на Собранието и се надевам дека понатаму Македонското Собрание ќе продолжи да работи, онака како што работат европските парламенти и тоа што опозицијата вашата сугестија за 5 секунди треба да се вклопат во работењето, значи само добра намера и прифаќање на искуството на европските парламенти и тоа што ние за ефикасноста на Собранието неколку колеги пратеници го кажаа, треба да го прифатиме, не само како што укажуваат одредени пратеници дека е замајување на јавноста или дезинформирање на јавноста.

Оваа информација беше на дневен ред на Комисијата за надворешна политика и на Комисијата за европски прашања и тоа еден од начините како работат парламентите. Комисиите се телата каде што пратениците можат да ги разгледуваат сите теми на дневен ред и така ние како Собрание можеме да продолжиме. Главни места за работа треба да бидат комисиите, а пленарните седници да бидат само за дебати околу кои има дилеми.

Пратеничката група која ја предлага информацијата, секако дека на одреден начин си игра со чувствата на граѓаните, затоа што слободата на движење на луѓето е една од основните човекови права и граѓаните на Република Македонија, тоа не е спорно, се чувствуваат плустрирано и затворени затоа што со визниот режим не може да патуваат кај своите роднини, не можат да патуваат на спортски натпревари, не можат да патуваат на културни манифестации. Меѓутоа, информацијата се однесува за укинување на визниот режим. Тоа е апсурд. Укинувањето на визниот режим во овој момент во Република Македонија не е возможно. Треба да се разговара за либерализација на визниот режим во Република Македонија, кое што е друго прашање. Секако дека дел од одговорноста и мерките што треба да ги преземе се обврска на Владата. Тоа значи патните исправи што ги пишува, меѓутоа, не значи интегрираната гранична контрола и патните исправи и договорите за реамисија, кој господинот Блажевски на широко ги елаборираше, за момент помислив дека е претставник на Владата. Толку добро ги објаснува договорите за реадмисија.

Либерализацијата на визниот режим е важна за граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, повторно ќе повторам дека ваквите теми треба да бидат на комисиите и одборите на ова Собрание.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе бидам краток. Мораше да и се објасни на Владата што значи сето тоа и да се дадат податоци и факти, затоа што очигледно дека на тој план, она што го добивме како информација во текот на оваа расправа, значи само едно дека Владата има намера да почне процес на утврдување на текстови и да ги достави до соодветните земји за склужување на договорот за реадмисија. Значи таа намера на Владата ја имаме уште од 1990 година наваму, меѓутоа неизработката на текстот, недоставувањето на тој текст, не значи ништо друго, туку само неактивност на Владата и од тие причини сметам дека Владата е најодговорна за бавното одвивање на овие процеси за надминување на оваа состојба во која се наоѓаат пред се граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Ивановска, повелете имате една минута.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Секако дека Владата е одговорна и оваа Влада тврдам дека е одговорна за сите процеси што се случуваат во Република Македонија. Парламентарното мнозинство ја поддржува Владата во сите процеси и свесни сме дека не се само договорите за реадмисија и економските реформи и политичките реформи кои што беа спомнати во неколку дискусии. Меѓутоа, ќе кажам на репликата на г. Блаже Стојановски. Секако дека договорите за реад мисија не се само прашање на едната страна. Тоа мислам дека госпоѓата Теута Арифи убаво го објасни. Прашањата на договорите за реад мисија се две страни кои се договараат околу договорот за реадмисија и тој е процес кој што трае. А информација за визниот режим, работните тела, комисиите во Собранието ги имаат како информација. Тоа го имаше и делегацијата за соработка со Европскиот парламент. Вашата пратеничка група има

претставници во таа делегација и таа информација вие ја имате овде, сакате само да ја замајувате и да си играте со чувствата на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници,

Чувствувам потреба дека треба да искоментираме барем по ова прашање, што некој сака да му даде значење, дека си поигруваме со чувствата на граѓаните.

Мислам на самиот почеток треба да расчистиме една работа и нема потреба да спориме. Дали Парламентот треба да дискутира по оваа точка или ова прашање е апсолвирано.

Ја имам таа чест да кажам дека на оваа проблематика сум дискутирам и во минатиот состав на Парламентот, кога беше друга Влада и на предминатиот и на тој и на сите. Ова прашање стои отворено и лесно да дискутираат вака пратениците. Тие не се заинтересирани, затоа што пратениците имаат дипломатски пасоши и не бараат виза. Би ги прашал пратениците да се наредат таму пред грчката амбасада и да чекаат во ред со денови и денови, а знаеме што значи ако немате слобода во движењето. Знаеме што значи за бизнисот. Бизнисмените не можат слободно да комуницираат. Се губи и време, а времето е пари, така да сите бизнисмени губат добар дел од времето затоа што за било која држава мора да бараат виза. Да добијат мулти виза е многу тешко, мора гаранција, да се јави преку друга фирма, да гарантира. Што да кажеме за најобичните граѓани. На нив им бараат и пари и депозит и гаранција и писма и икс работи. Што да кажеме за оние талентирани студенти, кои сакаат да се надградуваат, да го надградуваат своето знаење. Не можат да одат на студии или на постдипломски студии, затоа што не можат да добијат виза. Што да зборуваме за оние што се директно секој ден по патиштата за тие т.н. камионџии, кои секој ден висат пред било кој конзулат, или амбасада, за да можат да добијат виза, дали транзитна или не знам каква виза. Им трпат бизнисите, се губи време, се губат пари и немој некој да не убедува дека не треба да дискутираме по ова прашање. Не може ние сега да судиме во Парламентот дали работи Владата или не работи. На Владата мора да и дадеме поттик да се ангажира за оваа проблематика.

Искуството го кажуваме за тоа како комисии, како матична Комисија за надворешна политика. Во секоја делегација, во секој контакт со сите претставници на меѓународните заедници, ние го отвораме тоа прашање да се либерализира визниот режим. Немој тука сега да си поигруваме дека ние ќе дискутираме само на Комисијата, на затворен тип, а Собранието не е тоа. Па, ние ако не го дигнеме прашањето на парламентарна дискусија, ако во Парламентот не продискутираме, ние ќе дадеме обврска на владата, а знаеме дека оваа седница, сакале ние или не, ја следат преку интернет и целиот дипломатски кор во Македонија кој известува за работата во Парламенетот и се дискутира по оваа проблематика.

Ние имаме јасни насоки. Насоките не се дадени сега. Насоките се дадени што треба да сработи оваа, претходната или било која идна влада. Дадени се тие три точки каде што стои: потпишување и ратификација на договор за реадмисија; изработка на современи патни исправи; создавање модерни гранични премини. Кој ја спречува Владата да работи на оваа проблематика. Кој е тој кој пречи? Ни позиција, ни опозиција. Ние овој проблем мора да го дигнеме на ниво на Парламент, да позборуваме отворено, да направиме задолженија. Нема потреба да се јавуваат во заштита пратениците од страна на Владата. Нема зошто да се браните. Овој проблем треба да го решите. Треба да се најде време, треба да се најдат луѓе, да се ангажираат, да се забрзаат овие процеси.

Ова носи одговорност. И ние носиме одговорност како Парламент. Зошто не сме дискутирале за оваа точка. Зошто не сме дискутирале за ова прашање? Да ја задолжиме Владата. Тука носи одговорност па и претседателот на Собранието, во сите негови контакти со сите претставници на меѓународната заедница, сите комисии кои патуваат, по било кој основ, почнувајќи од Стразбург и не знам каде, нон стоп имаме летачка екипа од Парламентот која патува и тоа прашање треба да го отвори. Да се покрене прашањето за реадмисија со сите држави, да се забрзаат процесите.

Претседателот на државата, и тој има задолженија и тој треба да работи на оваа проблематика. Премиерот, министерот за надворешна политика, сите министри во Владата кои имаат контакти, сите пратеници, сите дипломатски претставништва, да го дигнеме прашањето на едно ниво. Само ако така се анимира проблематиката можеме да си помогнеме. Ако ние тука си делиме ти војвода, јас не знам што, кој ќе ни го знае проблемот нам, кој ќе знае како се состојбите во нашата држава?

Ние, проблемот мораме да го дигнеме на многу повисоко ниво. И, не е ништо страшно ако дискутираме отворено, да ја задолжиме Владата. Немојте да мислите дека некој добива поени ако ја брани Владата или ако ја напаѓа Владата. Не се добиваат поени. Никој тука нема намера да си игра со чувствата на граѓаните. Ниту најмалку. Оној кој мисли дека прави маркетинг, прави многу голема грешка. Нема тука маркетинг по ова прашање. Ова прашање мора да го решиме. Ова прашање носи одговорност на целиот Парламент. Ние сме тие кои треба да ја покренема акцијата. Ние сме тие кои треба да ја контролираме власта. Ние сме тие кои мора да укажеме на Владата. Ние сме тие кои мора да бараме одговорност и отчет на Владата, затоа што како народни избраници народот го бара тоа од нас. Многу е жално да погледаме редици, а таму се изживуваат, буквално изживување со нашите граѓани. На овие летни температури сега кога ќе дојдат на +40°C  или во зимскиот период на -20°C. Редици и редици, ако не најдеш врски, ако не најдеш пријатели да добиеш виза. Зошто?

Ние сме тие кои треба да им овозможиме услови на граѓаните да го дигнеме ова прашање на високо ниво. Тука имаме претставници од сите политички партии, претставници во многу комисии кои се присутни секој месец. Да не зборувам во Стразбург, во ОБСЕ и да не ги бројам сите други. Ова прашање треба да го покренат пратениците и на позицијата и на опозицијата. Нема разлика по однос на ова прашање. Ние сме должни да им овозможиме на нашите граѓани да бараме помош. Ако има проблем со соседните држави или по прашање на реадмисијата. Да видиме што треба да се бара, меѓународна помош, да се анимира проблематиката, ако треба да се бараат средства, ако немаме за изработка на патни исправи да се отвори тендер, да почнат постапките. Никој не ја спречува Владата да отвори тендер за новите патни исправи. Треба да почнат да се реализираат овие работи. Никој не ја спречува Владата и Министерството да почне да создава модерни гранични премини. Потоа, ако за ова нема средства, Парламентот е тој што тогаш ќе видиме како ќе реагираат и пратениците од позиција и опозиција ако требаат додатни средства од Парламентот. Нека се издвојат средства, нека се бара помош од меѓународните институции, нека се бара кредит. Нека се бара поддршка од многу држава кои даваат средства за вакви работи. Да тргне ова прашање да се реализира. Да одиме чекор по чекор, да не се чекаат работите. Ако ние сега тука како пратеници да си земеме улога да бидеме министри или заменици министри, или претседатели на Влада, или во улога на претседател на држава, мислам не сме ја постигнале работата. Ние имаме одговорност спрема граѓаните. Ние сме тие што

мора да одговориме на граѓаните. Затоа што редиците граѓани како на лутрија да добиваш виза. Зошто? Ние имаме нон стоп насушна потреба, нашите граѓани да патуваат. Што ни се случува? Ни се случува феномен наши државјани добиваат по 50 илјади нови бугарски државјанства. Зошто, ние носиме одговорност за тоа. Сите пратеници. Луѓето одат од потреба да бараат државјанство, не оти што сакаат да бидат бугари, туку бараат да имаат патна исправа за шенген виза. Да можат слободно да патуваат. Ако влезе да речеме Албанија побрзо во сите институции добар дел и нашите албанци ќе бараат албанско државјанство, за да можат да патуваат. Во тоа е проблемот. Ова е прашањето што ги интересира граѓаните. Да не зборуваме за бизнисмени. И сега ни се случува тука едни преку други да се препукуваме, позицијата била ваква, опозицијата била онаква. Заборавете го тоа позиција опозиција. Ова прашање е проблем на граѓаните. Нема тука никој да брани и да ја критикува Владата. Носиме сите одговорност. Но мора да работиме, да имаме заеднички јазик, да се настапува секаде, да се настапува со консензус по ова прашање. Да се бара поддршка во сите меѓународни институции. Да не ни се случува сега да имаме 50 илјади барања за нови бугарски државјанства или не знам што. Се поставува прашање ако се отворат границите, дали ќе се вратат тие луѓе. Она што е најстручен кадар, што сите зборуваме за високо образовен кадар, првите луѓе што треба да значат перспектива на оваа држива ни занимуваат. Се отселуваат во Нов Зеланд, во Америка, во Канада, во Германија, во Италија. Зошто? Затоа што како тука да се развиваат, како да комуницираат со светот, како да градат кариера кога не можат да излезат од границите. Не можат да ја напуштат Македонија. Ние сме најзатворениот чвор во светот. Ние наликуваме на тие земји во Африка, Бурунди, Мурунди, да не можеме да излеземе. И не треба тука да се обвинуваме едни со други. Заеднички да се настапи по ова прашање. Би ги замолил сите тука претседатели на комисии, кои се во сите меѓународни комисии да го отворат ова прашање. Да се отвори прашањето и да се бара поддршка. Да се задолжи Владата да се анимира проблематиката. Тука е и претседателот на Собранието и тој треба да ја одигра улогата. Да се задолжи Владата да изготви една информација да се дигне ова прашање на повисоко ниво. При сите контакти со дипломатите во Република Македонија, со целиот дипломатски кор во Република Македонија. Да се лобира, да се најдат модиси, да се најдат начини сите. Посебно министерот за надворешни работи. Да се задолжат сите амбасади, конзуларни претставништва. Сите лоби друштва, сите бизнисмени, наши угледни граѓани широм светот да излобираат, да можеме ние да се отвориме према светот. Затоа што само така кога

ќе имаме либерален визен режим во Република Македонија, Македонија ќе се чувствува како дел од светот, од Европа. Како можеме да зборуваме дека сме дел од Европа кога сме затворени. Ние сме затворени како леб во кукавичко гнездо. Затворени сме, заробеници на модерното време. И да прекинеме со обвинување позиција опозиција. Сите проблеми кои се во интерес на граѓаните да се остварат во Парламентот. Нема потреба да се препукуваме, туку заеднички со консензус. За тоа дали оваа дискусија однапред ќе значи нула или не, мислам дека таквите се ретроградни дискусии. Тоа се празни дискусии со видот вокабулар и со празна реторика. Ние треба да се стремиме кон тоа да не обвинуваме чија е вината. Ние мора малку да ја стимулираме, да ја боцкаме Владата, да ја насочуваме да оди по прав пат, да ги забрзаме работите. Тоа всушност е работата на Парламентот. А не да се додворуваме дали некој пратеник ќе ја брани Владата. Нема што да ја брани Владата. Владата си одговара, Владата си има министри, Владата си има ресорни комисии кои ќе одговараат.

На крајот би завршил ова прашање е проблем на сите граѓани во Република Македонија. Најмногу бараат албанците кои живеат во Република Македонија. Наредени се таму, забрадени и чекаат стотици и стотици. Ги малтретираат луѓето. Дајте сите да се ангажираме нема потреба тука меѓу себе да се обвинуваме. Овие добиле поени, овие не. Нема тука никој не добил поени. Дајте да им овозможиме на граѓаните слободно да патуваат. Барем еден благодет да направиме за овие граѓани да не зборуваме за економската, социјалната и другата. Ги тргнуваме тие теми. Да не излезе маркетинг и купување на поени.

Би ги замолил уште еднаш сите чинители во Парламентот, во комисиите кои нон стоп се во контакт со меѓународни институции. Да се анимира оваа проблематика и да се направи еден инпулс повеќе према сите чинители и да го заокружиме овој процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Даневски.

Повелете госпоѓо Ивановска имате три минути.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам претседателе,

Очигледно на колегата Даневски му недостасува кампања и му недостасува хајд парк да користи празни говори и реторики по такво прашање и да го користи

зборот чувство на граѓаните, и еве моја препорака да оформиме некаков хајд парк каде што ќе можеме да се однесува кампањски за прашања по кои што треба да се однесуваме баш систематски, како што е ова прашање за лилберализација за визниот режим.

И, г-динот Даневски, зборувавте толку многу, а ништо не кажавте, кој кого брани и кој кого го напаѓа. Меѓутоа, апсолутно расправата по оваа информација апсолутно не го даде својот резултат.

И патриотизмот се цени по тоа колку сопствената земја се почитува а не да се споредува со некои земји Бурунди или незнам како, едноставно ако многу повеќе ја сакаме и почитуваме својата земја толку повеќе не почитуваат и надвор и толку повеќе се однесуваме посериозно. И, додека ние Македонија не ја направиме Европа и со своето однесување еве еден најобичен пример, додека на пешачкиот премин не застануваат возачите, пешаците да поминат, дотогаш ќе бидеме една дупка на Балканот, во Европа на пешачкиот премин возажите застануваат. Тоа е еден од простите детали на кои  што се повикува г-динот Даневски и европски дипломати во Скопје, исто така гледаат како ние се однесуваме, дали се однесуваме европски, или балкански.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Даневски, една минута.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Јас искрено незнам што и фали на колешката. Нема потреба за хајд парк. А ова каде застануваме и каде ќе поминеме на кој пешачки премин, не би сакал да коментирам, бидејќи колешката не ме разбра. Ниту кампања, Слободан Даневски е многу години во политиката, нема потреба од кампањи и претставување. Вие се претставувате пред граѓаните, вие правите кампањи.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-дине претседател,

Г-дине Даневски, се разбира дека проблемот на визниот режим е проблем на сите граѓани на Република Македонија и се разбира дека албанскиот електорат нема потреба од ваша адвокатура, има свои претставници овде и сигурно дека ние сме ангажирани за решавање на проблемот на сите албанци кои што патуваат и кои што имаат потреба да патуваат надвор од државата. Меѓутоа,  сакав да ви кажам дека доколку бевте во првиот мандат на пратеник овде, тие што ве избрале и што ве донеле тука ќе мислеа дека сте многу исправни и коректни, затоа што говорите и дека вашиот ангажман за тоа што го говорите е многу добар. Меѓутоа, се разбира

дека граѓаните на Република Македонија знаат дека веќе четврти пат имате мандат во овој парламент, тие четири пати, два пати сте имале ситуации да бидете во позиција, да одлучувате и да ја контролирате вашата Влада за ова. Меѓутоа, наместо да го правите тоа и да ја контролирате работата на вашите Влади каде што сте биле на власт, вие заедно со нив сте правеле поделба на пазарите, кој нафтата, кој цигарите, кој вискито, и наместо да се занимвате со таа работа, вие сте се занимавале со други работи. Што се однесува на патните исправи, дипломатските патни исправи кои што ние ги поседуваме, навистина тоа е право кое што е добиено од тоа што имаме мандат и го претставуваме како нашиот електорат овде во Парламентот, така и во меѓународните инстанции и се разбира дека тоа не треба да се стави на исто ниво, значи потребата на граѓаните со тоа што е ангажман на тие што ги претставуваат граѓаните. Јас би ве запрашал г-дине Даневски, во која од амбасадите и колку пати сте биле со некого од вашите граѓани од Свети Николе кои што ги претставувате овде, за разлика од тоа што ние секако во сите амбасади сме биле и сме ја виделе оваа состојба и ситуација и во рамките на нашиот ангажман сега постои систем на комуникација од дома, а не да се седи пред амбасадите. И во таа насока не е добро да ги мешате работите. А прашањето на патните исправи дека некој бара патни исправи на Бугарија, или на Албанија би можел да бара, мислам дека има определена регулатива во државите кои што ги спомнавте и секако дека не смеете да ги мешате тие работи. Затоа, вашиот ангажман треба да го гледате лично како ваш ангажман во субјектот кој што го претставувате вие и во согласност со тоа да се ангажирате за решавање, за реално решавање, а не да играте со чувствата на граѓаните. Затоа што ќе ви кажам повторно, веќе ви е четврт мандат овде, додека ние патуваме заедно во Европа, во Европските институции и таму знаеме кој, како се претставува и што претставува и што презентира во тие инстанци. Затоа, суштината е ова да го разберете добро.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика г-динот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

По однос на она што г-динот Талат Џафери јавно поставува прашање како Слободан Даневски дошол во Парламентот толку пати на демократски избори. А г-динот Талат Џафери дојде со оружје во Парламентот и незнам, тоа може да се случи само во Република Македонија со оружје да дојдеш во Парламентот. Мислам тоа е апсурд, тоа е прашање за гинис. По однос на она дали сум јас адвокат на албанскиот електорат, јас би му рекол, јас сум пратеник исто и за Тетово и за

Гостивар и 24 часа јас сум пратеник, и во Тетово јас сум пратеник и во Гостивар и за албанците и за турците и за македонците и за ромите и за власите. Тоа прашање мислам дека е доста апсолвирано. Моето укажување беше дека оваа проблематика треба да се реши и не хајд паркови, или сега да се брани нешто. Мора да кажеме отворено, прашањето стои отворено и ова прашање мора да го решиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Само кратко, неколку реченици. Немаше воопшто да земам збор ако не се споменеа зборовите: виден вокабулар, празна реторика и која е суштината на парламентот. И тоа да го слушнам од пратеник кој 14 години ја врши таа функција и никој не го спречуваше во тие 14 години да ги преземе сите тие активности и мерки што сега ги предлага. Г-дине Даневски, бевте и во позиција и во опозиција. Значи, во идеална позиција нешто да промените на ова поле. Сега оваа Влада ги покренува сите овие механизми за да го реши визниот режим и проблемите на сите граѓни на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Години  Гештаковски, мислам дека е доволно, бидејќи вие навистина реплицирате. Бидејќи ова не е реплика, туку збор, нема контра реплика. Јас го прекинав г-динот Гештаковски бидејќи не беше во врска со предметот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Добро, јас би му дал на г-динот Гештаковски малку да тренира дикција, зборување итн., мислам би му ја отстапил мојата реплика како што милува да каже г-динот претседател, од три минути, него би му дал две минути и 220 секунди. Така и вие велите сега.

По однос на тоа што се занимава дека јас сум бил четири пати пратеник, да. Г-дине Гештаковски кога Слободан Даневски ќе биде премиер на оваа држава веднаш ќе ја решиме целата работа и немојте да се секирате, се ќе биде решено по кратка постапка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Гештаковски,

Сега вие имате право на контра реплика од една минута.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Па, сега бидејќи сум спомнат, моето домашно воспитување не ми дозволува да одговарам на вакво ниско ниво како него. Мене ќе ми биде мило да биде премиер

на државата, но да се занимва со оние работи што сега ги наложуваше тука да бидат исполнети за да се реши проблемот со visниот режим. Кога оваа Влада веќе се зафати за решавање на тие проблеми, пак г-динот Даневски, ги критикува тие работи. И, немојте г-дине Даневски уште еднаш да ги мешате албанци, македонци, срби, сите дали биле забрадени, или не биле забрадени си имаат иста мака. Во последно време за добивање на грчка виза има и олеснителни околности. Сега грчката виза може да се добие и преку телефонско јавување и морате тоа да го признаете. Секое достигнување на оваа Влада или било која Влада, се надевам и на вашата Влада каде што вие ќе бидете премиер, тоа ќе ви биде крајната цел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мене ме изненадува начинот на дискусијата по еден проблем за кој сум убеден дека имаме целосен консензус. Нема пратеници овде во овој парламент без оглед на која партија и припаѓа, а кој не е заинтересиран да направи самиот и заедно со другите нешто повеќе за да се либерализира визниот режим. Ова е наш општ интерес и жалам дека подобар и покоректен е текстот на самата информација од некои дискусии кои оставаат впечаток дека има колизија во насока на тоа што значи либерализација на визниот режим. Јас ќе ви спомнам дека пред пет-шест години се побара од делегацијата на македонскиот парламент на една средба во Брисел со делегацијата за југоисточна Европа раководена од г-ѓа Дорис Пак за да се изнајде начин и форма за да дојдеме до една состојба каде можеме да ги лилберализираме визите, односно граѓаните на Република Македонија да стекнат полесно виза за да патуваат, односно за да отидат во државите на ЕУ. И тогаш се рече и сега ќе повторам, од едно наше јавување таму во Брисел кога рековме дека ЕУ не треба да се плаши од граѓаните кои поради свои студии, поради бизнис сакаат да патуваат и да комуницираат полесно и подобро со државите на ЕУ, односно со тие што им припаѓаат на шенген визата. Одговорот ни беше дека ЕУ обрнува внимание поради разните криминалци кои можат да дојдат од југоисточна Европа, односно и од Македонија и им причинуваат проблеми на Европа. Затоа и визниот режим е малку поостар. Тогаш, нашиот одговор беше дека изгледа полесно криминалците одат во ЕУ, или во тие држави за самиот факт дека полесно доаѓаат и до визите и до разни пасоши, а многу потешко ги поминуваат границите, односно во ЕУ одат тие кои навистина сакаат да одат за студии, за бизнис и да го видат стандардот на Европа. Од оваа информација јас можам да увидам дека

текстот е коректен, барањата исто така се коректни. И јас незнам зошто овде треба да имаме колизија и на еден начин да придонесеме, да направиме впечаток едни на други дека некои се за либерализација, а другите дека не се за либерализација. Ова не е вистина, но, како по обичај некогаш и на коректниот текст ние со нашите дискусии му даваме насоки кои носат во правец на спротивности и колизии за кои немаме потреба. Вистина е дека од сето тоа што е направено досега, се ветуваше и претходно дека доколку договорот за стабилизација и асоцијација ги надминува сите парламенти, значи се гласа во Европскиот Парламент и оваа работа ако сега е завршена, значи време е да одговориме на конкретен начин на оваа информација и да се преземат мерки за да се исполнат тие услови по однос на работите кои се едноставно од техничка природа, но унапредена техника и која и одговара на стандардите на ЕУ. Ова може да се направи и зошто да не се направи. И, бидејќи не очекуваат многу работи по апликацијата за ЕУ за да ги исполниме стандардите со прашалниците кои ќе ни пристигнат набрзо за да им одговориме, ние да ја направиме првата фаза на нашиот ангажман, значи да дојдеме до тоа што значи еден вид на либерализација на визниот режим врз основа на тоа што е опишано и во оваа информација. Затоа, и целта на мојата дискусија е да не се продолжи со спротивставувања дека еве, некој сака да ја направи напната и оваа состојба. И, овде треба да имаме консензус. Зошто ни  е толку тешко доколку некоја партија, или некоја парламентарна група предложи некоја должност, или обврска за Владата, а овие должности и обврски во Владата се дел на целиот ангажман за интеграцијата на Македонија во ЕУ. И нека остане и овој е еден документ кој ги води ваквите процеси напред.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Се извинувам, ќе одземам само една минута во вид на реплика на последното излагање на г-динот Исмет Рамадани со кое морам да кажам дека во огромен дел се согласувам. Репликата ќе биде во вид на надополнување. Сакам да кажам дека токму овој собраниски состав претставен преку Комисијата за соработка со Европскиот парламент на последната сесија во Брисел јануари 2004 година, Европскиот парламент и нашата делегација усвои една заедничка изјава во која токму она што го кажа г-динот Рамадани за студентите, бизнисмените, за сите оние луѓе кои имаат обврски и работа со ЕУ, Европската Унија презема обврска за олабавување т.е. олеснување на визниот режим со земјите членки на ЕУ. Мислам

дека тоа е евидентен напредок  кој јавно на прес конференција ние и го соопштивме кога се вративме од Брисел.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

И и ова што ќе го речам сега не е никаква класична реплика, туку е нешто што ме радува и поздравувам едно вакво постигнување и да продолжиме на овој начин и повеќе да работиме за да направиме нешто повеќе во насока на тоа што значи либерлаизација на визниот режим.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-динот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас само сакам да кажам дека она што го кажа претходниот дискутант дека ова е за поздравување, толкав напредок, незнам какви апели, ветувања. Многу работи слушнавме денес дека навистина Парламентарната група, односно парламентарните групи од позицијата навистина се добро информирани за ова прашање. Јас се надевам дека се доволно и заинтересирани да се постигне нешто на овој план. И од тие причини сакам на крајот од расправата по оваа точка на дневен ред да прашам, зошто тогаш не се прифаќаат заклучоците кои што ги предлага пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ по ова прашање?

Само да ги прочитам уште еднаш. Првата точка е Собранието да ја разгледа состојбата со множностите на Република Македонија околу решавањето на ова прашање. Ние тоа го правиме и во текот на оваа седница што значи еден дел од овие заклучоци веќе почнаа да се реализираат.

Вториот заклучок е Собранието ја задолжува Владата да изготви работен план за решавање на трите прашања кои се основа за отстранувањето на шенген визите за граѓаните на Република Македонија . Зошто е спорно Владата да изработи работен план за решавање на овие три клучни прашања и тој план да ни го достави како Парламент.

Трето, Собранието на Република Македонија бара од Владата на Република Македонија во рок од 30 дена да изготви и да достави до Собранието информација за преземените мерки и ефектите од тие мерки, за што веќе слушнавме на Комисијата за надворешна политика каде тоа веќе се разговарало, се елаболирало, зошто тоа да не го направиме ние како пратеници, како членови на овој Парламент. Овие заклучоци кои се предлагаат се нешто кое што произлегува како логична последица од сите овие дискусии кои што ги слушнавме досега и сметам дека сите намери кои што беа искажани во поглед на укинувањето на визниот режим, кој што

во моментот го има Република Македонија и надминувањето на сите проблеми со кои се соочуваат граѓаните на Република Македонија во поглед на патувањата во странство, во други земји каде што е потребна виза, единствено може да се реши на еден начин на кој што целиот Парламент, сите политички субјекти ќе дадат подршка во овие процеси и во решавањето на овој проблем, а истовреме ќе бараат од Владата на Република Македонија и ќе инсистираат постојано да ги забрза овие процеси, да ги исполни сите оние обврски кои што ги има како Влада на Република Македонија , да се направат пасоши согласно европските стандарди, да се реши проблемот со функционалното поврзување и решавањето на пропустливоста на границите на Република Македонија и да се забрза процесот на склучување на договори за реатмисија и нивна ратификација во сите земји со кои што се склучени такви договори. Мојот апел е да се изгласаат овие заклучоци и да и се каже на Владата дека Собранието и Парламентот и сите структури на Република Македонија имаат една цел, укинување на визниот режим кој што во овој момент го има во Република Македонија и доближување до Европските стандарди, кои што се однесуваат не само во областа на патувањата, туку и во сите други области на севкупното општествено живеење. Зборувам за иднината на Република Македонија , зборувам за она што цело време го слушаме и цело време за тоа се залагаме сите ние, а тоа е Европската иднина на Република Македонија .

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот а предлогот на заклучоците содржан во информацијата, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 10 пратеници гласале за, тројца воздржани и 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Предлогот на заклучоците не е усвоен.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија , со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Комитетот за односи меѓу

заедниците ви се доставени. Согласно со точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се во мнозинство во Република Македонија .

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Кенан Хасипи, повелете.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитувана г-ѓо потпретседателке, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници.

Неспорно е дека Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија , произлегоа не само од потребата да се отстранат одредени недостатоци во неговата досегашна примена, туку и од потребата истиот да се усогласи со одредбите на Рамковниот договор од Охрид, како и со стандардите на Меѓународното законодавство и искуствата на земјите од ЕУ. Бидејќи, патните исправи се јавни исправи кои што се користат за патување во странство и служат за утврдување на идентитетот на носителите и нивниот државјански статус, решенијата во законот не само што треба да се во согласност со меѓународните стандарди од оваа сфера, туку да се комплементарни со решенијата во законот за личната карта, која исто така е јавна исправа и која за разлика од патните исправи служи за интерна употреба и го докажува идентитетот и државјанството на носителите на таа јавна исправа.

Во предлогот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија со Предлог на закон направени се голем број на измени во делот на важноста на пасошот, можноста истиот да не се издаде , внесување на децата во пасошот, можноса да се одземе пасошот и сл. Меѓутоа, она што ме наведе да ја анимирам оваа тема е содржината на член 13 од измените и дополнувањата на Законот за патните исправи кои врши редизајнирање во ставот 3 од членот 28 на досегашниот закон во кој зборовите “англиското латинско писмо”, се заменуваат со зборовите “ македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основно латинско писмо”. Тоа е според ИК документи 9303 и додавањето на нов став 4 по ставот 3 кој гласи “ на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик на нивно лично барање, податоците кои се внесуваат во пасошот

и патниот лист се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот”. Истата формулација фигурираше и во Законот за личната карта која по усвојувањето на амандманот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, претрпи измена во делот на употребата на јазикот на заениците во Република Македонија , со кои тоа право им се овозможи и на заедниците што се под 20% во Република Македонија . Бидејќи, формулацијата што беше понудена во Предлог законот за патните исправи не е во согласност со решението за употребата на јазиците на етничките заедници во законот за лична карта по обемната расправа на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, на мој предлог беше усвоен амандманот, кој сега како амандман на Комисијата за политички ситем и односи меѓу заедниците беше доставен до пратениците на нивно изјаснување.

Имајќи го ова предвид, како и дилемите кои по ова прашање се појавиле и на седницата на Комисијата за европски прашања, а со оглед на фактот што по амандманот Владата имаше негативен став, сметавме дека недоволно го анимиравме ова прашање од одредени политички структури, поради што јас во името на Демократската партија на турците во Македонија г-динот Рафет Муминовиќ во името на Демократската лига на Бошњаците и г-динот Неждет Мустафа во името на Обединетата партија за еманципација усмено побаравме претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците да свика седница на Комитетот, кој согласно уставните надлежности е должен да заземе став по ова прашање и истото да го достави на разгледување и усвојување на Собранието на Република Македонија . Претседателот на Комитетот за односи меѓу заедниците г-динот Ејуп Рустеми истото тоа го направи и Комитетот за односи меѓу заедниците ја одржа својата четвртта седница на 14 мај 2004 година, на која по опширна расправа се задолжија предлагачите да изготват мислење кое требаше да се разгледа на продолжението на седницата одржана на 18 мај 2004 година. Напоменувам дека на двете седници на Комитетот присуствуваше и претставникот од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија . Од расправата по доставеното мислење Комитетот изгради став со кој се согласи и претставникот на Владата односно МВР и одлучи тоа мислење да го достави на разгледување и усвојување на Собранието на Република Македонија . Имено, Комитетот едногласон на Собранието му предлага да го усвои следното мислење. Комитетот за односи меѓу заедниците му предлага на Собранието на Република Македонија при претресот по Предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на Законот за патните исправи на

државјаните на Република Македонија, ос Предлог на закон, да го разгледа и да го усвои мислењето на Комитетот за односи меѓу заениците за додавање на нов став 5 во членот 13 од наведениот закон кој гласи: “на граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик на нивно лично барање податоците за личното име кои се внесуваат во пасошот се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот.” Согласно став 4 од член 1 на амандманот 12 од Уставот на Република Македонија и став 2 од член 5 на владината одлука за оснивање на Комитет за односи меѓу заедниците Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив. Меѓутоа, со оглед на фактот што меѓувреме Владата на Република Македонија на Собранието му достави амандман со иста содржина, како и предлогот на Комитетот за односи меѓу заедниците , тоа станува составен дел на Законот и го прави безпредметно изјаснувањето на Собранието по мислењето на Комитетот. Радува фактот што во образложението на амандманот Владата се повикува на член 11 став 1 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 10 ноември 1994 година, а ратификувано во македонското Собрание во 1997 година. Истиот член на кој се повикувавме и ние при доставување на нашиот амандман.

Би ја искористил приликата од ова место да ја охрабрам Владата да смогне сили посериозно да го разгледа и член 10 од оваа Конвенција и со одредени измени во нашата легислатива да го стави адакта и прашањето на употребата на јазиците на малцинските заедници во комуникацијата со административните власти на локално ниво.

Она што останува отворено прашање е што сегашното решение во патните исправи не е комплементарно со решението во Законот за личната карта и со оглед на сознанијата дека е покрената иницијатива за оценка на уставноста на Законот за лична карта пред Уставниот суд на Република Македонија , ќе има потреба од дополнителни усогласувања во правец на измена и дополнување на Законот за личната карта во делот на употреба на јазиците на етничките заедници и неговото усогласување со решението во патните исправи. Иако, лично сметам дека ова компромисно решение целосно не го одразува етничкиот идентитет на помалите заедници, сепак, е чекор напред во однос на постојното решение и во тој контекст јас го поздравувам и го прифаќам ваквото решение.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Збор има г-дин Коста Прешевски.

КОСТА ПРЕШЕСКИ:

Почитувана г-ѓо потпретседателке, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Причините за изменување и дополнување на Законот за патни исправи произлегуваат од потребата за надминување на одредени недостатоци пројавени во неговата досегашна примена, од потребата за усогласување со одредбите од Рамковниот договор и усогласување со искуствата на земјите од ЕУ, посебно со стандардите на меѓународното законодавство. Посебно ќе се задржам на текстот на законот, при што најголем број од предложените измени и дополнувања се однесуваат како на корекции на самиот текст , така и на суштински промени на постојниот Закон. Да кажам дека во најголем дел предложените измени и дополнувања се коректни, прецизни, добро формулирани и се во согласност со нашето законодавство и важечките меѓународни стандарди. Така, со член 2 од измените и дополнувањата кои се однесуваат на член 5 од постојниот Закон се додаваат нови ставови со кои се забранува да се користи патна исправа пријавена за изгубена и исчезната. Да се дава или зема под закуп патна исправа. Да е менува исправата, да се бришат податоци, да се менува фотографија или потпис итн. Исто така, прецизирано е гржливо да се чува патната исправа од кражба или оштетување. При промена на личното име обврска е на лицето да поднесе барање за замена на патната исправа со нова. Овие дополнувања, по мое длабоко убедување се чекор напред, односно би имале влијание на укинувањето на визниот режим на земјите на ЕУ кон Република Македонија .

Понатаму, во член 7, со кој се менува член 11 стои “дипломатски пасош им се издава, покрај другото и на државни службеници до дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство”.

Во член 8 со кој се менува член 12 став 1 стои “ службен пасош им се издава покрај другот и на државни службеници во дипломатско државни претставништва на Република Македонија во странсто, освен на лицата од член 11 на овој Закон”. За мене не е јасно и не е до крај прецизирано кои се тие државни службеници, по кои критериуми и како што ќе добијат дипломатски пасош, а кои службен пасош. Предлагам на државни службеници во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, без разлика на нивната хиерарска поставеност да се издава една од горенаведените патни исправи.

Понатаму се согласувам со предлогот даден со член 3 за бришење на член 6 од постојниот Закон со кој останува единственото решение со што се регулира правото на дете да му се издаде сопствен пасош.

Со член 13 со кој се менува членот 18 од постојниот Закон се регулира рокот на важење на патните исправи, при што е направена градација , важењето на патната исправа да биде во зависност од навршените години на возраст. Сепак, за мене е поприфатливо словенечкото искуство за ова законско решение и тоа во делот за лица на возраст од 4 до 18 години. Во нашиот предлог стои од 4 до 27, пасошот се издава со рок на вежење од 5 години. Мислам дека предложеното решение за рок на важење од 5 години на патната исправа е неодржливо, бидејќи ликот на лицата под 18 години живот, тој после полнолетството во голема мера поспора се менува.

Со измените и дополнувањата со кои се менуваат членовите 31, 32, 33, 37, 38, 41 и 43 се прецизира со законски мерки за одбивање на барање за издавање на дупликат пасош за замена на оштетен пасош итн. Со тоа во целост се согласувам, бидејќи во голема мера ќе се овозможи намалување на бројот на пријавени и изгубени односно оштетени пасоши. На тој начин ќе се дојде до намалување на бројот на злоупотребени односно фалсификувани пасоши, со што ќе се намалат реакциите на странските држави околу нивните барања за автентичност на издадените пасоши, а тоа ќе не приближи за чекор кон укинување на визниот режим на ЕУ кон Република Македонија.

Почитувани пратеници, понудените решенија треба да се базираат на концептот на граѓанско општество и максимално да се почитуваат човековите права и слободи. Измените и дополнувањата на Законот за патни исправи се навистина солидна основа денеска на оваа парламентарна дебата да придонесеме да донесеме квалитетен закон компатибилен со највисоките Европски и светски стандарди. Тоа го истакнувам, бидејќи стои констатацијата дека предлагачот не беше до крај доследен во примената на меѓународните стандарди и одредби на ратификуваните меѓународни договори, се до поднесувањето на амандманот кој што денеска ние го добивме.

Посебно ќе се задржам на член 13, со кој се интервенира на членот 28 од постојниот Закон. Предлогот за изменување и дополнување на овој член се базира исклучиво на примената на точка 6, образование и употреба на јазиците, подточка 8 од Рамковниот договор и амандманот 5 на Уставот на Република Македонија .Веќе еднаш од истите причини т.е заради имплементирање на определбите од

Рамковниот договор и одредбите од Уставот е донесен Закон за изменување и дополнување на закон за патни исправи на државјаните на Република Македонија ,"Сл. весник на Република Македонија" бр. 20/2003 година.

Согласно овој закон , образецот на патната исправа и на визите се печатат на македонски јазик и неговот кирилско писмо и со превод на англиски и француски јазик и нивното писмо, а на граѓаните кои зборуваат злужбен јазик различен од Македонскиот на нивно лично барање тие се печатат на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот. Примената на одредбата, податоците кои се внесуваат во патната исправа се запишуваат на англиското латинско писмо, би довело до неусогласеност на начинот на испишувањето на податоците во патните исправи и во други документи и промена на идентитетот на граѓаните. Праксата покажа дека овој начин имплицира недоследност и негативности во остварувањето на некои права на граѓаните во странство и проблеми при идентификација на лицата во евиденциите на МВР при преминување на државната граница. Затоа, прифатливо е што зборовите" англиското латинско писмо" , се заменуваат со "македонски јазик и неговото кирилско писмо и на основното латинско писмо и како документ 9303".

Исто така, ме радува фактот што Владата го прифати мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците и амандмански реагираше на член 13 за менување на член 28 од постојниот Закон со решение со кое и другите заедници не би биле дискриминирани, само заради тоа што се помал број застапени под 20% . Уверен сум дека тоа е во духот на уставните измени и одредбите од Рамковниот договор. Со овој Амандман примената на јазикот, писмото на заедницата на која припаѓа граѓанинот, во делот само на податоците за лично име , апсолутно не оди на штета на официјалните јазици. Тоа дотолку повеќе што податоците во образецот на патната исправа ќе бидат испишани и на службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо. Презимињата и имињата на припадниците на помалите заедници имаат свои специфики, кои до колку не би се испашале во оригинална, изворна, фонетска форма , може да доведе до забуна при утврдувањето на нивниот идентитет. Исто така, а од друга страна постои меѓународен договор, кој согласно нашиот Устав е ратификуван во нашето Собрание, а тоа е рамковната конвенција за заштита на националните малцинства став 1 член 11, кој често пати овде е цитиран, а посебно кога го носевме Законот за лична карта.

Почитувани пратеници, јас многу сериозно правам разлика помеѓу потреба на јазикот во смисла на комуникација на граѓаните со државата и тоа оној дел од Рамковниот договор и примената на Уставот. Го регулираат и правото на идентитет

кое е афирмирано во мислењето на Комитетот и амандманот на Владата, кое е вродено право и кое не се изразува во проценти. Токму мислењето на Комитетот и овој амандман е модалитетот за неговото изразување.

Интенцијата на Охридскиот Рамковен договор не беше да даде права на една заедница во нашата Република  за сметка на другите ниту пак да овозможи таа привилегија да припадне на две заедници. Со овој амандман е извршено допрецизирање на употребата на одредени права , а со тоа да се даде една поширока рамка за мултикултурниот и граѓанскиот карактер на нашата држава.

Затоа, почитувани пратеници, ако сакаме да бидеме компатибилни со законодавството на ЕУ , а мораме во искажувањето на сите обврски што ни престојат, тоа мораме да го правиме уште сега и без да ни бидат поставени очекуваните прашања што ќе ги добиеме со поднесувањето на апликацијата која е веќе во процедура за влез во Унијата.

Знам дека освен овој закон, ќе мораме уште многу да направиме во правец на олеснувањето на Шенгенските обврски што треба да ги исполниме, но истовремено не би сакал со овој закон што регулира одредени права на припадниците на етничките заедници, да биде тема за која дополнително ќе мораме да расправаме и повторно да го менуваме.

На крајот, ја користам можноста да се обратам и до средствата за јавно информирање, посебно до печатените медиуми, да ги потсетам дека покрај останатите заедници, постои и Влашката заедница во Република Македонија . Тоа го велам, бидејќи во соопштението од седницата на Комитетот за односи меѓу заедниците токму по ова мислење кое се однесува за Власите можеби ненамерно оваа заедница не беше од нивна страна никаде спомната.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Прешоски.

По читувани пратеници, бидејќи има уште пет пратеници јавени за збор, а ние имаме уште пет минути, јас тука ќе ја затворам расправата. Јас не предлагам продолжување.

Ние утре почнуваме со нова  седница, а веќе имате допис дека е одложена од 10,00 за 12,00 часот. Таа седница нема толку многу точки, бидејќи ќе работиме скоро секој ден, ќе ја завршиме можеби за два три дена и после ќе продолжиме со ова. Ако не ја завршиме за два три дена, на 26 овој месец има обраќање пред овој

Парламент генералниот секретар на НАТО г-динот Шифер во попладневните часови. Значи ќе ја продолжиме оваа седница тогаш, во најлош случај предпладне ќе продолжиме со оваа точка и со оваа сеница..

Во понеделни нема да работиме.

(Седницата заврши со работа во 17,00 часот)